# КАТАЛОГ И АНАЛИЗА НА ПОСТОЕЧКИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ

# СТУДИЈА ВО ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА ПОВРЗУВАЊЕ СО ЕВРОПСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СИНТЕТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

М-р Јове Јанкуловски

Финална одобрена верзија 07.12.2016 година

# СОДРЖИНА

Содржина ... 1
Листа на кратенки ... 2
Признанија ... 3
Извршно резиме ... 5
1. Каталог на квалификации ... 13
1.1. Пристап ... 13
1.2. Консултирани извори на информации ... 14
1.3. Согледувања ... 14
1.4. Препораки ... 19
2. Анализа на квалификациите ... 22
2.1 Пристап ... 22
2.2 Примерок (селектирани случаи) на квалификации користени за двете анализи на квалификациите ... 24
2.3 Консултирани извори на информации ... 24
2.4 Согледувања ... 25
2.5 Препораки ... 31
3. Заклучоци за ЕРК рефернцирање (критериуми 3 и 4) ... 34
Анекс 1 – Контактирани-интервјуирани институции и НРК заинтересирани страни во процесот на НРК ... 37
Анекс 2 – Консултирани извори на информации ... 39
Анекс 3 – Примерок (случаи) на квалификации во СОО и квалификации во неформално образование користени за анализите на квалификациите ... 55
Анекс 4 – Анализа на содржината на квалификациите од примерокот на квалификации ... 56
Анекс 5 – Анализа на квалитетот на квалификаците од примерокот на квалификации ... 155
Анекс 6 – Листа на сите постоечки стандарди на занимања и стандарди на квалификации ... 221
Анекс 7 – Листа на сектори користени од Државниот завод за статистика ... 225
Анекс 8 – НРК сектори ... 227
Анекс 9 – Листа на постоечки (тековно се нудат во системот) четиригодишни програми во стручното образование и обука ... 228

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| РГ НРК | Работна група за изготвување на Извештајот за поврзување на Национална Рамка на Квалификации со Европската рамка на квалификации за доживотно учење |
| ДЗС | Државен завод за статистика на Република Македонија |
| ЕРК | Европска рамка на квалификации за доживотно учење |
| ЕТФ | Европска тренинг фондација |
| ГДИС (GIZ) | Германско друштво за интернационална соработка |
| ИСОО | Иницијално (редовно) стручно образование и обука |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НКЗ | Национална квалификација на занимања |
| НРК | Национална рамка на квалификации за доживотно учење |
| ОВ | Образование на возрасни |
| РУ | Резултати од учење |
| ПСОО | Продолжено (continuing) стручно образование и обука |
| СГ ЕРК | Советодавна група на Европската рамка на квалификации за доживотно учење |
| СОО | Стручно образование и обука |
| ЦОВ | Центар за образование на возрасни |
| ЦСОО | Центар за стручно образование и обука |

# ПРИЗНАНИЈА

Со усвојувањето на правната основа на Националната рамка на квалификации за доживотно учење (НРК) во 2013 година и со определување на официјален претставник како полноправен член на Советодавната Група на Европската рамка на квалификации за доживотно учење (СГ ЕРК), Република Македонија се посвети на поврзувањето на сопствената НРК со Европската рамка на квалификации за доживотно учење (ЕРК).

Во овој процес на поврзување на НРК со ЕРК, ЕТФ ја имаше честа да ја добие довербата на Министерството за образование и наука (МОН) и да има улога на експертска поддршка и советување на РГ НРК составена од повеќе различни заинтересирани страни и оформена кон средината на 2014 година под водството на Министерството за образование и наука. ЕТФ обезбедува експертиза и советување преку тим од експерти[1], како и преку организирање на работилници и настани за споделување на знаења и градење на капацитетите на кои учествуваа и членови на Советодавна група на Европската рамка на квалификации за доживотно учење (СГ ЕРК).

Оваа студија е еден од резултатите од експертската и советодавна помош на ЕТФ во процесот на Поврзување на НРК со ЕРК. Анализите на постоечките квалификации беа спроведени во 2014 година со цел зајакнување на процесот на Поврзување на НРК со ЕРК засновано со користење на докази (документи). Согледувањата од анализите на примерокот на квалификации обезбедуваат објективна основа за транспарентно определување на нивоата на конкретните квалификации и нивно внесување во НРК. Пристапот во оваа студија е иновативен во земјата и беше прв пример од проектите на ЕТФ во врска со квалификации.

Образците за анализи на содржината и квалитетот на квалификациите се приложени кон синтетичкиот извештај. Анализата на поголем број на важни квалификации може да се продолжи со користење на истиот пристап и лекциите научени од спроведените анализи. Градењето на националните капацитети за спроведување слични анализи е цел која треба да се планира во 2015 година. Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) веќе изрази интерес за ваква активност.

Синтетичкиот извештај и поголемиот дел од анексите ќе бидат достапни на македонски јазик кон крајот на јануари 2015 година, согласно барањето од ЦСОО.

Исцрпниот каталог на квалификации и последователните анализи на селектираниот примерок бараше значителен напор за да се прибере и анализира потребната документација. ЕТФ тимот им изразува искрена благодарност на националните институции за нивната соработка во сите фази на оваа студија, посебно на Министерството за образование и наука, за водството, комуникацијата и решавањето на проблемите. Придонесите на Центарот за сручно образование и обука (ЦСОО), Бирото за развој на образованието (БРО) и Центарот за образование на возрасни (ЦОВ) беа фундаментални во документирањето, дискутирањето и разјаснувањето на извесен број на прашања. Занаетчиската комора, Стопанската комора, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ, секторските организации (на пример: Агенцијата за цивилно воздухопловство) како и Агенцијата за вработување на Република Македонија, Државниот завод за статитика, Државниот испитен центар, универзитети, институции кои нудат образование и обука на обука, приватни претпријатија, споделуваа информации во врска со релевантни аспекти на квалификациите кои припаѓаат во нивна надлежност. Секторот за високо образование на Министерството за

[1] Тимот на експерти е составен од: а) ЕТФ: Мирјам де Јонг и Едуарда Кастел-Бранко; б) надворешни експерти: Миле Џелалија и Јове Јанкуловски. Три големи работилници (сите дводневни) за градење на капацитетите и планирање беа одржани во Скопје во мај, јуни и октомври 2014 година.

образование и наука отворено ја сподели со ЕТФ тимот постоечката база на високообразовни програми, структуирани со поддршка на Темпус програмата. Во текот на составувањто на Каталогот на квалификации оваа база беше дополнета со дополнитени постоечки програми.

Подготовката на методологијата на оваа студија, дискусијата за главните согледувања и идентификувањето на различниот статус на сообразност на квалификациите со принципите на НРК беа богати, со лекции за целиот тим и вклучените заинтересирани страни во процесот на НРК.

За неговата предаденост да се остварат целите на оваа студија, беспоштеден фокус на методолошките принципи за студијата поставени од ЕТФ, напорот ангажиран да се дискутираат и разјаснуваат сите практични и концептуални прашања кои се појавија и за значајната работа направена во анализирањето на огромната прибрана документација, ЕТФ тимот е особено благодарен на господин Јове Јанкуловски, експертот кој ја спроведе оваа студија и го подготви овој извештај и анексите.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

**Вовед**

Студијата на сите постоечки квалификации во Република Македонија беше спроведена во 2014 година со цел за да се зајакне основата на процесот на поврзување на Национална рамка на квалификации за доживотно учење (НРК) со Европската рамка на квалификации за доживотно учење (ЕРК) со користење на докази (документи). Согледувањата од анализите на примерокот од квалификации обезбедуваат објективна основа за транспаретно определување на нивоата на конкретни квалификации и нивно внесување во НРК. Пристапот во оваа студија е иновативен во земјата и беше прв пример за проектите на Европската тренинг фондација (ЕТФ) во врска со квалификации. Врз основа на информациите од оваа пионерска студија во Република Македонија се појавува интерес кај други земји од регионот за преземање на слични активности за систематизација и класификација на нивните квалификации.

Дополнително, клучните резултати и согледувањата од студијата, исцрпниот каталог на сите квалификации и анализите на примерокот од квалификации кој ги опфаќа сите нивоа во НРК, претставуваат целосно доверлив и најрелевантен придонес за планирање на развој и реформи во образованието и обуката со фокус на клучниот елемент: квалификации и нивните компоненти.

**Методологија**

Уште со почетокот на подготовката на концептот за студијата фокусот беше поставен на потребата од исцрпна систематизација на постоечките информации за сите квалификации во земјата во формат на сеопфатен каталог (листа). И покрај комплексноста на ваквата цел, ние сме почестени што оригиналната цел е потполно постигната. Заинтересирани страни во процесот на НРКте на системот за образование и обука (формално, неформално), институции кои нудат образование и обука, социјални партнери, државни и други институции, експерти, донатори, сега имаат корист од ажурираната, потполна, аналитичка и добро структуирана основа за идната база на квалификации. Тековниот формат на каталогот на квалификации во иднина може да се редизајнира во база на квалификации со користење на најрелевантните делови од информациите содржани во каталогот.

Извештајот ги синтетизира пристапот, согледувања и препораките од двојниот процес:

1) Подготвување на каталог на сите постоечки квалификации и
2) Детална анализа на селектираниот примерок (селектирани случаи) на квалификации.

Оваа студија е заснована на пристап и алатки дизајнирани од ЕТФ тимот. Во текот на имплементацијата на оваа студија националниот експерт одржуваше честа комуникација со ЕТФ за прилагодување и подобрување на алатките, разјаснување на практични и концептуални прашања и за крајно (фино) доработување-заокружување на синтетичкиот извештај. Студијата беше спроведена од јуни до октомври 2014 година. Работните верзии на студијата беа дискутирани во Скопје на две проектни работилници на проектот на кои учествуваа претставници од повеке институции од областа на образованието, министерството за труд и социјална политика и агенцијата за вработување на Република Македонија, комори и работодавачи (јуни и октомври 2014).

Информациите беа прибирани преку истражување на документација и разговори со претставници на водечките и релевантни институции како и НРК заинтересирани страни во процесот на НРКте и работодавачите (*Анекс 1*). Форматот на консултативниот процес беше договорен со Министерство за образование и наука (МОН) и беше олеснет и поддржан од страна на ЕТФ. Значителна библиотека на документи беше собрана (*Анекс 2*) со поддршка на ЕТФ, МОН, ЦСОО, ЦОВ и БРО и анализирана од страна на експертот.

**Каталог на квалификации**

Каталогот на квалификации содржи 241 квалификација од општо образование, формално стручно образование и обука, верифицирани програми во неформалното образование на возрасни, квалификации кои постојат во воздухопловството, како и други квалификации. Мал број на високообразовни квалификации (43) беа интегрирани во Каталогот како додаток кон веќе постоечките 1.147 во Регистерот на високообразовни квалификации (оформен со поддршка на Темпус програмата пред почетокот на изработката на овој Каталог). Конкретно, во согласност со типовите на квалификации (Закон за Националната рамка на квалификации – НРК Закон: член 11 и 12) Каталогот вклучува:

| **Тип: Квалификации на ниво на образование** | | **Тип: Стручни квалификации** | |
|---|---|---|---|
| Квалификации здобиени со успешно завршување на: | Број | Квалификации здобиени со успешно завршување на: | Број |
| Основно образование | 2 | Верифицирани програми за образование на возрасни | 58 |
| Општо средно образование | 9 | Цивилно воздухопловство | 22 |
| Средно уметничко образование | 29 | Мајсторски испит во занаетчиството | 1 |
| Двегодишно стручно образование и обука – стручно оспособување во траење до две години | 1 | | |
| Тригодишно стручно образование и обука - стручно образование за занимања | 64 | | |
| Четиригодишно стручно образование и обука – техничко образование | 55 | | |
| Високо образование (сите циклуси, 1.147+43) | 1.190 | | |

Извесен број на колони во Каталогот останаа претежно-делимчно непополнети заради недостаток на податоци и информации. Овој факт, од една страна, ја покажува потребата од подобрување на некои важни информативни основи за квалификациите и од друга страна, потребата да се прилагоди нивото на амбиции во врска со Каталогот. Поинтензивна работа на применувањето на НРК во текот на 2015 година може да ги намали овие недостатоци на информации.

**Анализа на квалификациите**

Од сеопфатниот Каталог кој ги покрива постоечките квалификации во земјата, „примерок“ од квалификации за детална анализа беше избран со поддршка од релевантните институции. Оваа анализа на содржината и квалитетот на квалификациите претставува втора компонента на студијата.

Во примерокот од квалификациите користен за детална анализа се застапени различни типови квалификации и поверќето од нивоата од НРК. Од практична причини и имајќи ја во вид експертизата на ЕТФ, квалификации од нивоата VII и VIII од НРК не беа вклучени во примерокот. Избраниот примерок беше определен врз база на квалитативни критериуми договорени со заинтересирните страни (види поглавје *2.2 Примерок (селектирани случаи) на квалификации користени за двете анализи на квалификациите*) опфаќа:

1) Иницијално (редовно) стручно образование и обука (ИСОО): + 10% од квалификациите
   - Четиригодишно стручно образование и обука (техничко образование): примерок од 5 квалификации од 52 активни квалификации;
   - Тригодишно стручно образование и обука (стручно образование за занимање): примерок од 2 квалификации од 16 нови (2013 година) дизајнирани и одобрени квалификации;
2) Неформално стручно образование и обука: + 20% од квалификациите
   - 14 верифицирани програми за образование на возрасни од 58 програми за образование на возрасни;
3) Мајсторски испит во занаетчиството: 1 квалификација (со аспирации да биде на ниво V Б во НРК)
4) Високо образование: 2 квалификации (во принцип на ниво VI во НРК)
5) Општо образование: 2 квалификации, основно образование и општо средно образование (гимназиско).

Анализата на главните карактеристики кои се однесуваат на **содржината** на квалификациите беше направена со идентификување на изразите на резултатите од учењето (РУ) на селектираните квалификации и споредување на тие резултати од учењето со описите на нивоата на означеното-соодветното ниво во НРК.

Главните карактеристики во врска со **квалитетот** на квалификациите беа анализирани со одговарање на серија од прашања за: релевантноста на квалификацијата за пазарот на труд; стандардите врз кои квалификацијата е базирана; структура на квалификацијата; вклученоста на актерите од пазарот на труд во различните фази на квалификациониот процес; институционалната поставеност на квалификацијата.

Согледувањата извлечени од подготвувањето на Каталогот и спроведувањето на деталните анализи: Анализа на содржината на квалификацијата и Анализа на квалитетот на квалификацијата се бројни (*поглавја 1.3 и 2.4*). Резимето на селектирани клучни согледувања посочува кон интересни постигнувања како и на прашања за иднината на реформите на квалификациите и јакнењето на нивната сообразност со принципите на НРК:

### I) Анализа на содржината на квалификацијата

- *Квалификациите во тригодишното и двегодишното ИСОО, подготвени во рамките на твининг проектот МК 07 IB SO 03, може да се сметаат како транспарентни и целосни*: засновани се на стандарди на занимање и на стандарди на квалификации; имаат консолидирана информација во колекцијата на целосниот курикулум. *Квалификациите во тригодишното ИСОО одговараат на описите на нивоата во НРК и скоро целосно одговараат на соодветните стандарди на занимање.* Можни се транспаретни предлози за определување на нивоата на квалификациите. *Квалификацијата во двегодишното ИСОО е заснована на стандард на квалификација на ниво II, додека стандардот на занимање е на ниво III (Анекс 2, референца [121]).* Затоа, се предлага на оваа квалификација привремено да се определи ниво. Во периодот по поднесувањето на финалната верзија на Извештајот, советниците од ЦСОО посочија дека *во верзија на стандардот за занимање од понов датум, нивото е означено како II*. Имајќи го во вид овој стандард за занимање, може да се смета дека: *оваа квалификација е транспарентна и целосна на ниво II и* претходниот предлог на

оваа квалификација привремено да се определи ниво може да се замени со предлог на оваа квалификација да се додели ниво II.

- Анализата на *квалификациите во четиригодишното ИСОО потврдува дека овие квалификации не се засновани на стандарди на занимање, односно, на стандарди на квалификации. Овие квалификации содржат изрази за цели од учењето, а не резултати од учењето*. Синтетизирана информација за програмата за обука и за резултатите од учењето не е достапна. Анализираната документација не обезбедува доволно *информации за да се определи дали овие квалификации, помалку или повеќе, целосно ги задоволуваат стандардите на занимање,* бидејќи тие не се поврзани со или упатуваат на стандард на занимање или стандард на квалификација. Врз основа на овие согледувања многу тешко би можело да се артикулираат транспарентни предлози за одредување на нивото на овие квалификации. Оваа е причината што овој Извештај предлага привремено определување на ниво кое е условено со идни подобрувања на овие квалификации. Во процесот на исцрпна дискусија во врска со Синтетичкиот извештај, кој се одвиваше во последното тромесечје во 2015 година, по поднесувањето на финалната верзија на Извештајот, советниците од ЦСОО сугерираа дека: *неколку четиригодишни ИСОО квалификации се занoвани на стандард на занимање, односно, стандард на квалификација*; останатите четиригодишни ИСОО квалификации во четиригодишното ИСОО *се засновани на Стандарди на профили на занимања од Номенклатурата на занимањата, Стандарди на струка и Стандарди на образовни профили;* и *Стандардите на образовни профили имаат елементи на стандард на занимање и елементи на стандард на квалификација*. Множеството на оригинални документи се анализирани за потребите на овој Извештај прилично сеопфатно (*Анекс 2*), но не ги вклучува стандардите на образовни профили. Затоа, во оваа фаза, ЕТФ не е во можност да изрази валидно мислење за таквите стандарди, бидејќи тие не беа дел од главната анализа. Во овој контекст, можат да бидат прифатени сугестиите на советниците од ЦСОО дека информациите содржани во наведените документи би можеле да послужат како основа за трансформирање на целите на учењето во резултати од учењето.

- *Програмите за образование на возрасни од примерокот се во сообразност со ставовите 3, 4 и 5 од членот 12 од Законот за НРК*. Подготвувачите на програмите за образование на возрасни примениле различни пристапи во користењето на стандардот на занимање и имаат различно покривање на стандардот на занимање. Како последица од тоа *стручните квалификации за образование на возрасни изгледа дека целат на различни потреби-популација-цели во смисла на клучни задачи на занимањето.*

- Високообразовните квалификации (една на ниво VI А и една на ниво VI Б), во принцип, *се релативно директни и сообразни со описите на нивото од НРК и на описите на циклусите-нивоата за прв циклус (180-240 ЕКТС) во Националнатарамка за вискообразовни квалификации.*

- *Формално-официјално одобрување на постоечките стандарди на занимање и стандарди на квалификации се уште се очекува.*

## II) Анализа на квалитетот на квалификацијата

- Анализата на ***(а) Релевантноста на квалификацијата за пазарот на труд*** *покажа дека постои проблем на недостаток на релевантни и валидни информации-податоци за да се дојде до заклучок заснован на информации за релевантноста-потребата-побарувачката на квалификацијата на пазарот на труд.*

- Заклучоците за ***(б) Стандардите врз кои е заснована квалификацијата*** зависат од документацијата, или конкретно, од постоењето на стандарди на занимање, односно стандарди на квалификација.

  *Само неколку од анализираните квалификации се оценуваат со стандарди-критериуми за оценување.*

- Анализата на ***(в) Структурата на сите квалификации*** покажа дека *ниту една од анализираните квалификации не е организирана во единици на РУ, туку врз основа на цели на учење.*

- ***(Г) Вклученоста на актерите од пазарот на труд во различните фази на квалификациониот процес*** покажа дека *работодавачите биле вклучени во развојот на стандарди на занимање и наставни програми, но не биле вклучени во ниту еден аспект на развојот на оценувањето. Вклучување на работодавачите е предвидено во комисиите за оценување (спроведување и оценување) на делот за практична обука (работа) од завршниот испит.*

- Анализата на ***(д) Институционалната поставеност на квалификацијата*** разоткри дека признавањето/потврдувањето[2] на претходното учење стекнато по неформален и информален пат и сертифицирањето на парцијална квалификација засега, не е предвидено во постојните стандарди и релевантната легислатива.

## III) Сообразност со принципите воспоставени со Законот за НРК

Со користење на согледувањата во двете претходни анализи (содржина на квалификација и квалитет на квалификација), студијата спроведе анализа на сообразноста на примерокот квалификациии со принципите воспоставени со Законот за НРК (член 6) во врска со барањата за стандард на квалификација. Оваа споредба разоткри различни степени на сообразност, како што е резимирано подолу. Од практични причини, и имајќи ги во вид спецификите на еспертизата на ЕТФ, согледувањата од анализата на сообразност се ограничени на квалификациите во стручно образование и обука (СОО) и образование на возрасни (ОВ).

1) Висок степен на сообразност:
   - Новите квалификации во тригодишно (и двогодишно) ИСОО прилично се сообразни со барањата воспоставени со член 6 од Законот за НРК. Особено што тие се опишани преку резултати од учењето.
2) Среден степен на сообразност:
   - Програмите за образование на возрасни во дел се сообразни со барањата воспоставени со член 6 од Законот за НРК. Сообразноста на тие делови е во голема мера и може да биде демонстрирана.
3) Низок степен на сообразност:

   Следниве групи на квалификации не се во сообразност со Законот за НРК и треба да се преработат за да се донесат во склад со Законот за НРК:
   - Квалификации во четиригодишно ИСОО;
   - Мајсторски испит во занаетчиството

Квалификациите од нереформираното тригодишно ИСОО и квалификациите од специјалистичкото образование не беа анализирани, бидејќи тие не беа дел од примерокот договорен со ЦСОО и претставниците на двете проектни работилници одржани во јуни и

[2] Забелешка на преведувачот: Изворниот термин на англиски јазик е: *validation*. На македонски јазик постојат повеќе термини со кои може да се преведе овој термин. Според специфичноста на примената на овој термин тој е преведен како *признавање-потврдување*.

октомври 2014 година. Затоа, сообразноста на овие квалификации со Законот за НРК не може да се оценува.

Членот 6 од Законот за НРК втемелува дека стандардот на квалификација, помеѓу другото, треба да вклучува: „*начин на проверка и критериуми за проверка на резултатите од учењето*". Анализата на квалфикациите пронајде ниска сообразност во врска со ова барање на Законот за НРК.

**<u>Препораки</u>**

Препораките се засновани на согледувањата и заклучоците елаборирани во поглавјата 1.4 и 2.5.

**<u>А. Подобрување на квалификациите</u>**

- Создадена е поволна ситуација за посеопфатна работа на подобрување на квалификациите и нивните составни елементи. Затоа, тековните и планираните проекти со интернационална поддршка (ЕУ, Светска банка, Британски совет) заедно можат да придонесат со потребната и незаменлива експертиза и ресурси.
- Овој извештај дава неколку практични предлози во поглавјата 1.4 и 2.5. Резиме од селектираните препораки вклучува:
  а. Започнување на подготовки за база-каталог-регистер на квалификации со користење на Каталогот произведен со оваа студија. Базата на податоци треба да е базирана на консултации со заинтересирани страни во процесот на НРКте пред да се преземат крајните одлуки кои ќе ги исполнат потребите и целите на различните групи корисници (институции кои нудат образование и обука на обука, ученици, работодавачи, секторски асоцијации, организации посредници на пазарот на труд, тела за стандардизација и обезбедување квалитет, тела кои креираат политики). Дополнително, идната база на квалификации треба да го земе предвид тековниот развој на ЕРК, бидејќи тоа ќе овозможи полесно поврзување на базата на земјата со новиот портал[3] „Можности за учење и квалификации во Европа".
  б. Податоците за завршените ученици според квалификации МОН може да ги организира во тесна соработка со Државниот завод за статистика (ДЗС). Структурата на податоците од ДЗС за учениците во СОО и завршените ученици од СОО може да се реорганизира според предложената структура од 16 сектори во НРК (член 14 од Законот за НРК).
  в. Студии за следење на ученици-студенти кои завршиле степен на образование[4]: идната работа треба да ги има во вид потребите на НРК и релевантноста на квалфикациите. Се уште не се применува во земјата иако МОН планира во 2015-2016 година, со интернационална помош, да стартува Опсерваторија на вештини која систематски би организирала вакви студии или други анализи и прогнози.
  г. Синтетизиран опис на квалификациите може да се подготви за секоја од постоечките квалификации во четиригодишно ИСОО, уметничките образовни квалификации во средното образование, општите образовни квалификации и за мајсторски испит во занаетчиството.
  д. Сите нови квалификации треба да се развиваат според принципите воспоставени со Законот за НРК (член 6). За оваа цел, треба да се развијат и дисеминираат на

---

[3] Заедничка ЕРК – Плотеус портал на: http://ec.europa.eu/ploteus/en

[4] Забелешка на преведувачот: Изворниот термин на англиски јазик е: *graduate tracer studies*. На македонски јазик не постои термин кој е еквивалентен на англискиот термин и затоа е преведен како: *истражување за следење на ученици-студенти кои завршиле степен на образование*.

релевантните корисници и заинтересирани страни во процесот на НРК: алатки за поддршка, практични напатствија, правила за кодирање и инструменти, применливи и ефикасни методологии и оперативни механизми за носење одлуки. Потребно да се дизјанира и иницира (на база на пилотирање) НРК портал и да се поддржи со постојани ресурси и институционален капацитет.

ѓ. Квалификации засновани на единици: користа е добро позната, исто како и прашањата за системот на СОО во земјата. Дебатите тековно се одржуваат; може да биде преземено пилотирање во примерок од сектори со користење на постоечката меѓународна поддршка.

е. Партнерството со работодавачите треба да се зајакне во поглед на нивно подобро вклучување во оценувањето на квалификациите: развој, организирање и оценување.

**<u>Б. Определување на ниво на квалификациите во НРК</u>**

Множеството предлози за Поврзување на НРК со ЕРК (критериуми 3 и 4) се засновани врз техничка анализа и анализа на документација (поглавје 3). Конечните одлуки треба да вклучат консултации со заинтересирани страни во процесот на НРКте, по можност, заснован на јасен пристап, со степен на автономија и алернативни предлози. Резимето на сугестии вклучува:

- Процесот на определување на ниво и внесување на квалификациите во НРК е заснован на опишаната ситуација за различните групи на квалификации во врска со член 6 од Законот за НРК. Се сугерира:

а. Квалификациите во четиригодишно ИСОО да се внесат на ниво IV, условно во доменот „Формално стручно образование и обука“ и е условено од идната работа со цел преуредување за да се подобри нивниот квалитет и сообразност со НРК.

б. Слично: мајсторскиот испит во занаетчиството да има условен статус на ниво V Б квалификација во доменот „Неформално образование и обука“.

в. Квалификациите доделени преку реформирани тригодишни програми во ИСОО може да добијат ниво III и да се внесат во „Формално стручно образование и обука“ доменот на НРК.

г. Квалификациите доделени преку реформирани двогодишни програми во ИСОО може да добијат ниво II и да се внесат во „Формално стручно образование и обука“ доменот на НРК.

Се предлага, квалификацијата доделена по успешно завршување на двегодишна програма во ИСОО да биде привремено внесена на ниво II во „Формално стручно образование и обука“ доменот на НРК се додека не се завршат активностите за отстранување на несогласувањето помеѓу стандардот на занимање и стандардот на квалификација.

д. Верифицираните програми за образование на возрасни припаѓаат на типот „стручна квалификација“ и се сообразни со членовите 6, 11 и 12 од Законот за НРК. Тие можат да бидат внесени на соодветното ниво во НРК во доменот на „Неформално образование и обука“.

Предлозите во оваа студија во врска со определување на нивото на анализираните квалификации бара:

а) Натамошно подобрување на описите на нивоата кои би се применувале на неформално учење.

б) Навраќање и консултирање со институции кои нудат образование и обукате на обука и индустријата. Користењето на општите описи на нивоата (ниво I - IV) (член 7 од Законот за НРК) може да не е доволна основа за определување на нивото на овие квалификации во неформалниот домен. Членот 10 од Законот за НРК, во доменот „Неформално образование и обука“ воведува елемент кој може да се смета како <u>дополнителен</u> на главниот елемент (описи на нивоата, види член 7 од Законот за НРК). Овој дополнителен елемент е формулиран како: „ниво на комплексност во согласност

со стандардите на занимања“. Засега, предложените нивоа на квалификациите во овој Извештај треба да се читаат заедно со типот на квалификација (стручна).

- Признавањето/потврдувањето на неформалното и информално учење (ПНФИУ), во рамките на Критериумот 3 за поврзување на НРК со ЕРК и Препораката од Советот на Европа од 2012 година за ПНФИУ, е од извонредна важност. Имплементацијата на механизмите на ПНФИУ ќе бара реформа на стандардите на квалификација за да се олесни процесот на оценување и сертифицирање на резултатите од неформалното и информалното учење. Воведување на модули од резултати од учење со критериуми и механизми за оценување е една од таквите реформи (солуции).

- Со усогласувањето на квалификациите во четиригодишното ИСОО со спomentатите НРК принципи, земјата создава поволна ситуација за реформирање и јакнење на нивната соодветност на побарувачката (пазар на труд и ученици). Имајќи ја во вид важноста на ова прашање, Советот за имплементација на Стратегијата за стручно образование и обука која го мониторира спроведувањето на Стратегијата за стручно образование и обука треба да се насочи кон ова. Проектите и донаторските интервенции кои доаѓаат може да ги финансираат потребните реформи (на пример проектот Вештини и иновација поддржан од Светска банка).

Оваа сеопфатна студија немаше да може да се реализира без посветеното водство на Министерството за образование и наука и соработката на персоналот од клучните институции и агенции дадени во *Анекс 1* од овој извештај. ЕТФ од се срце се заблагодарува на сите оние кои придонесоа во оваа студија со нивните знаења и споделување на важни информации и документи.

# 1. КАТАЛОГ НА КВАЛИФИКАЦИИ

## 1.1. Пристап

Република Македонија е член на Советодавна група на Европската рамка на квалификации за доживотно учење (СГ ЕРК) и се посвети на поврзување на сопствената Национална рамка на квалификации за доживотно учење (НРК) со Европската рамка на квалификации за доживотно учење (ЕРК)[5]. Европската тренинг фондација (ЕТФ) го поддржува Министерството за образование и наука (МОН) во планирање и спроведување на процесот на поврзување на НРК со ЕРК, вклучувајќи водење и обезбедување квалитет на подготовките на Извештајот за поврзување. Во овој контекст, беше подготвен детален акциски план(Патоказ) за Поврзување на НРК со ЕРК со временска динамика и одобрен од сите заинтересирани страни во текот на работилницата во мај 2014 (подоцна ажурирана во јуни 2014). Истовремено, беше формирана Работна група за изготвување на Извештајот за поврзување на НРК со Европската рамка на квалификации за доживотно учење и од страна на министерот за образование и наука беше одобрен нејзиниот мандат. ЕТФ ги поддржува интеракциите и комуникацијата со СГ ЕРК, по потреба.

Како резултат од анализата на научените лекции од презентираните дваесет и седум извештаи за поврзување (ситуација на 01.октомври 2014), СГ ЕРК посветува изразито внимание на доказите (документите) за исполнување на десетте критериуми, посебно на критериумите 3 и 4. *СГ ЕРК бара од земјите да го илустрираат наративниот дел со конкретни примери-докази за квалификации, пристапот, односно, методологијата користена за вклучување на квалификациите во НРК и да се обезбеди нивниот квалитет. Ова значи дека земјите треба да спроведат подетална анализа на нивните квалификации и аргументација на идентификуваните прашања во врска со јасноста и транспарентноста. Ваква анализа е неопходен чекор за да полни НРК со квалификации со посредство на транспарентни методи и процедури. Недостатоците и неразрешените прашања треба да се препознаат и да се поготви Патоказ со чекори за справување со нив како анекс на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК.*

Овој извештај ги синтетизира пристапот, согледувања и препораките од меѓусебно поврзаните студии:

1) Градење на каталог на постоечки квалификации[6] (Каталог)[7] и
2) Детална анализа (Анализа) на релевантен примерок на квалификации (*Анекс 4 и 5*).

Информациите се прибираа преку 1) истражување на документација и 2) разговори со претставници на водечките и релевантни институции како и со заинтересираните страни во процесот на НРК и работодавачите. Формата на консултативниот процес беше договорен со МОН и беше поддржан од страна на ЕТФ.

---

[5] Клучните документи кои се однесуваат на ЕРК се достапни на ЕРК порталот: http://ec.europa.eu/ploteus/search/site?f[0]=im_field_entity_type%3A97

[6] ЕРК дефиницијата за квалификација е користена како референтен термин при составувањето на Каталогот и спроведувањето на Анализата на релевантниот примерок од квалификации. “Квалификација“ е формален резултат од оценување и процес на потврдување, која може да се стекне кога компетентно тело установи дека лице ги постигнало резултатите од учењето наспроти даден стандард.“

[7] Каталогот е приложен кон овој Извештај како посебна датотека и се смета како интегрален дел од Извештајот.

Образецот за Каталогот на квалификациите кои тековно постојат во Македонија, во процесот на образование и обука (стручното образование и обука – СОО (формално, неформално, пост - средно образование и обука – ПСОО, основно образование, општо средно образование и високо образование) беше обезбеден од страна на ЕТФ. Во текот на консултациите и процесот на прибирање информации, националниот експерт, во честа координација со ЕТФ, ги изврши сите прилагодувања и подобрувања на образецот за Каталогот.

Структурата на Каталогот беше користена за формалното СОО, општото образование, квалификациите стекнати по неформален пат (верифицирани програми за образование на возрасни) и други квалификации кои постојат на пазарот на труд. Каталогот ги опфаќа квалификациите од различен тип и на различно ниво, вклучувајќи ги и оние кои имаат мал број на слушатели. По консултациите со заинтересираните страни, , Каталогот исто така ги вклучува и тн. наследени квалификации: квалификации кои се уште се бараат на пазарот на труд и се нудат во образованиот систем, но образовните програми не се реформирани; како и квалификации кои не се нудат во образованиот систем, но постојат на пазарот на труд (неактивни квалификации).

Постоечкиот Регистер на високообразовни квалификации (Регистер), обезбеден од МОН, вклучуваше 1.147 квалификации пред почетокот на работата на Каталогот и беше ажуриран со 43 нови квалификации.

Деталната анализа опфаќа две димензии: 1) содржина на квалификацијата и 2) квалитет на квалификацијата.

## 1.2. Консултирани извори на информации

Информациите и документацијата беа прибирани преку истражување и сеопфатен процес на консултации со релевантните институции и заинтересирани страни во процесот на НРК како МОН, Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО), Центарот за образование на возрасни (ЦОВ), училиштата и другите институции кои нудат образование и обука, професионалните асоцијации и комори, државни агенции и тела, донаторски организации и проекти. Целосната листа на комуницирани институции и заинтересирани страни во процесот на НРК е презентирана во *Анекс 1 – Контактирани-интервјуирани институции и заинтрресирани страни во процесот на НРК .*

Значителна библиотека на документи беше собрана и анализирана од страна на експертот со поддршка на ЕТФ и МОН. Листата на користените извори на информаци е презентирана во *Анекс 2 – Консултирани извори на информации (дел А)*.

Првата недовршена работна верзија на Каталогот (25/06/2014) и главните прашања беа презентирани на работилницата на РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК одржана во Скопје (25-26/06/2014). РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК ја прифати, односно, ја потврди тековната работата на Каталогот. Во периодот по работилницата експертот одржуваше комуникација со водството на РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК за дополнителни информации и документација за комплетирање на Каталогот.

## 1.3. Согледувања

**Статус на Каталогот**

Каталогот е сеопфатен и аналитички, структуиран во 29 колони. Натамошно адаптирање на информациите во Каталогот за различни кориснички групи е можно, со селектирање само на најрелевантните и потребни колони.

Каталогот вклучува 241 квалификација од општо образование, формално стручно образование и обука, верифицирани програми во неформално образование и квалификации кои постојат во воздухопловниот сектор. Мал број на високообразовни квалификации (43) беа исто така интегрирани во Каталогот како додаток кон веќе постоечките 1.147 во Регистерот на високообразовни квалификации (оформен со поддршка на Темпус програмата пред почетокот на изработката на овој Каталог).

Поконкретно, во склад со типовите на квалификации (член 11 и 12 од Законот за Национална рамка на квалификации – НРК Закон, Каталогот вклучува:

1. Тип „Образовно ниво“ квалификации[8]:
   а. Основно образование и општо средно образование (активни[9] и дисконтинуирани-неактивни[10]);
   б. Уметничко – средно образование;
   в. СОО: сите активни квалификации во двегодишно, тригодишно и четиригодишно образование и извесен број на неактивни квалификации на овие нивоа;
   г. Високообразовни квалификации: 1.147 претходно интегрирани во Регистерот; додадени 43 квалификации (во текот на оваа студија).
2. Тип „Стручни квалификации“[11]:
   а. Сектор цивилно воздухопловство: сите професионални квалификации во цивилното воздухопловство кои се нудат во земјата и се регулирани со Актот за воздухопловство (*Анекс 2, Дел А, референца 56*);
   б. Сите верифицирани посебни програми за образование на возрасни[12] кои водат до стручна квалификација;
   в. Мајсторски испит во занаетчиството.

Дистрибуцијата на каталогизираните квалификации според типови е следнава:

| **Тип: Квалификации на ниво на образование** | | **Тип: Стручни квалификации** | |
|---|---|---|---|
| **Квалификации здобиени со успешно завршување на:** | **Број** | **Квалификации здобиени со успешно завршување на:** | **Број** |
| **Основно образование**<br>Деветгодишно основно образование: активна<br>Осумгодишно основно образование: неактивна | **2**<br>1<br>1 | **Верифицирани посебни програми за образование на возрасни (не во формалниот образовен систем)** | **58** |
| **Општо средно образование**<br>• Активни<br>• Неактивни-дисконтинуирани | **9**<br>6<br>3 | **Цивилно воздухопловство (верифицирани од Агенцијата за цивилно воздухопловство во согласност со Актот за** | **22** |

[8] Термините „Квалификации на ниво на образование“ и „Стручни квалификации“ се двата ТИПА на квалификации во НРК Законот (член 11 и 12). Терминологија на НРК Законот е примената во овој Извештај, Каталогот и Анализата (во *анексите 4 и 5* од овој Извештај).

[9] Активна квалификација е квалификација која постои на пазарот на труд и се нуди во образованиот или системот за обука.

[10] Неактивна (или дисконтинуирана) квалификација е квалификација која постои на пазарот на труд, но не се нуди во образованиот или системот за обука.

[11] Исто со фуснота број 8.

[12] Од вкупниот број на 58 верифицирани програми за образование на возрасни, експертот доби документација за 50 програми под услови на доверливост.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **воздухопловство)** | |
| **Средно уметничко образование** | **29** | **Мајсторски испит во занаетчиството** | **1** |
| **Двегодишно стручно образование и обука**:<br>Реформирана во рамките на твининг проектот MK 07 IB SO 03[13]; | **1** | | |
| **Тригодишно стручно образование и обука:**<br>• Нови – во рамките на твининг проектот MK 07 IB SO 03[14];<br>• Нови – надвод од рамките на твининг проектот MK 07 IB SO 03, во согласност со истиот пристап;<br>• Реформирани со Проект за реформа на СОО поддржан од ГДИС (GIZ);<br>• Нереформирани и се нудат во системот;<br>• Нереформирани и дисконтинуирани, но постојат на пазарот на труд. | **64**<br>12<br>4<br>5<br>26<br>17 | | |
| **Четиригодишно стручно образование и обука**<br>• Активни (*Анекс 9 – Листа на активни четиригодишни програми во стручното образование и обука*)<br>• Неактивни-дисконтинуирани[15] | **55**<br>52<br>3 | | |
| **Високо образование (сите циклуси)**<br>• **1.147 внесени во Регистерот пред Каталогот**<br>• **43 додадени со овој Каталог[16]** | **1,190** | | |

Опфатот на програмите во ИСОО со Каталогот е презентиран во следната табела:

| | Број на постоечки програми | Број на внесувања во Каталогот | Опфатот на програмите во Каталогот |
|---|---|---|---|
| Активни четиригодишни програми во СОО | 52 | 52 | **100%** |

[13] Реализацијата на реформираната двегодишна СОО програма за Гипсер-монтер не започна во 2014/2015 година заради недостаток на интерес помеѓу учениците.

[14] Реализацијата на новите тригодишни СОО програми започна во академската 2013/2014 година. Затоа, сè уште нема завршени ученици со вакви квалификации.

[15] Повеќето од четиригодишните СОО програми се развиени во 1999 година и ревидирани во 2007 година.

[16] Информациите се добиени од управата-администрацијата на Европскиот универзитет. Одлуки од Бордот за акредитација и евалуација во високото образование за сите нововнесени квалификации соодветно се наведени во Каталогот.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Неактивни четиригодишни програми во СОО | Unknown | 3 | |
| Активни двегодишни програми во СОО развиени во рамките на твининг проектот MK 07 IB SO 03 | 1 | 1 | **100%** |
| Активни тригодишни програми во СОО развиени во рамките на твининг проектот MK 07 IB SO 03 | 12 | 12 | **100%** |
| Активни тригодишни програми во СОО развиени надвор од твининг проектот MK 07 IB SO 03 | 4 | 4 | **100%** |
| Активни тригодишни програми во СОО развиени со Проект за реформа на СОО поддржан од ГДИЗ (GIZ) | 5 | 5 | **100%** |
| Активни тригодишни нереформир ани програми во СОО | 26 | 26 | **100%** |
| Неактивни тригодишни нереформирани програми во СОО | 60 | 17 | **28%** |

**Базата на регулирани професии во Македонија** беше детално споредувана со Каталогот. Во последната десна колона во Каталогот се наведени поклопувањата на регулираните професии со листата на квалификации. Овде треба да се напомене дека некои од регулираните професии не се дефинирани како квалификации и затоа не се означени во Каталогот. Дополнително, номенклатурите и термините користени во Базата на регулирани професии во Македонија се разликува од имињата на некои од квалификациите што го попречуваше споредувањето.

*Каталогот е приложен кон овој Извештај и се смета како интергрален дел од Извештајот.*

**Статус на достапната документација и информации**

Генерално, процесот на прибирање документација и информации бараше многу време и некогаш носеше предизвици. Ова беше заради *фрагментација на документацијата, различните извори на сродни или исти информации и различни други ограничувања: време, достапност на документација*[17].

Без оглед на типот, нивото или секторот на квалификацијата, *најтешко беше да се пронајде документација и информации за постарите активни квалификации, неактивните-дисконтинуирани квалификации и квалификациите кои не се ревидирани во последните години*.

Понатаму, стандардите на занимање и стандардите на квалификации (развиени по иницијатива-одговорност на ЦСОО) се најчесто достапни до ниво III, со исключок на неколку стандарди на занимање на ниво IV во НРК. *Недостатокот на такви стандарди на нивоата IV и V ја направи систематизацијата на информациите за Каталогот прилично покомплексна. Заради овој факт, голем број на различни извори на документи требаше да бидат консултирани и анализирани.* Оваа состојба делимично може да се објасни со фактот дека

[17] Некои од причините наведени од институциите: внатрешното реструктуирање во МОН резултираше во дисконтинуитет на пренесување-дисеминирање на информациите и документацијата помеѓу институциите -одделите; некои од документите постојат само во „тврда“ копија и се достапни во архивите на БРО и-или ЦСОО.

одговорноста за образовните квалификации од ИСОО е споделена помеѓу Бирото за развој на образованието (БРО), за општообразовните предмети и ЦСОО, за стручните предмети.

Во текот на составувањето на Каталогот на квалификации, беше спроведена ограничена студија на одредени аспекти на оценувањето на резултатите од учењето. Оценувањето на учениците (инструменти, услови и одговорност) е поделено (БРО, ЦСОО и Државниот испитен центар) за различни типови оценување како што е опишано подолу. Во овој контекст, релевантната документација е под различна институционална супервизија:

- Оценувањето на општообразовните предмети и на стручните предмети, повторно, е одговорност на 2 одвоени институции: БРО и ЦСОО.
- Екстерните испити на учениците, како дел од *Системот за екстерно оценување на учениците во основното и јавното средно образование* и завршните испити на учениците кои произлегуваат од *Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование* се одговорност на Државниот испитен центар.

Работата на Каталогот покажа дека за тригодишните (и едната двогодишна) програми во ИСОО развиени во рамките на твиниг проектот МК 07 IB SO 03, или програмите развиени според методологијата усвоена во рамките на проектот, постои интегрална документација која ги содржи сите потребни аспекти-елементи. Од друга страна, за остатокот на квалификации (вклучително квалификациите во четиригодишното ИСОО и општообразовните квалификации) достапната документација, во принцип, е фрагментирана. За таа документација да се прибере, потребно беше да се контактираат низа од различни институции и да се обезбедат и консултираат значителен број на документи. Понатаму, информациите за некои од аспектите-елементите потребни за Каталогот не постоеа во фрагментираната документација.

Традиционално и тековно, образовните квалификации од ИСОО се структуирани во групи од квалификации. *Некои од тековните групи-групирања, во некои ретки случаи, не одговараат на ново-дефинираните сектори во Законот за НРК. Членот 14 од Законот за НРК воспоставува 16 сектори наместо претходните 14 групи-групирања.* Ова несогласување е разбирливо имајќи во вид дека Законот за НРК е нов и неговото применување само што започна. Значителна работа претстои за да се подобри кохерентноста помеѓу структурните елементи на системот и усогласувањето со Законот за НРК  Се очекува дека резултатите од неколку проекти подржани од ЕУ и од Светска банка прилично ќе ја поддржат земјата во постигнување на таква системска кохерентност.

Реформите во стручното образование и обука и имплементацијата на НРК кои само што започнаа, нудат одлична можност да се ревидира алоцирањето на стручните квалификации во сектори во согласност со Член 14 од  Законот за НРК. Ваквото ревидирање би можело да наиде на случаи каде одлуките ќе бараат консултации со експерти и со заинтересираните страни за да се надминат дилемите или несигурноста за најадекватниот сектор.

Статистичкиот годишник и другите публикации на Државниот завод за статистика (ДЗС) обезбедуваат податоци за учениците во ИСОО и завршените ученици од ИСОО според групи на образовни квалификации (*Анекс 7 – Листа на сектори користени од страна на Државниот завод за статистика*), но не завршени ученици според квалификации. Ваква информација сè уште недостасува во Каталогот.

Други информации кои недостасуваат или информации кои треба да се проверат во Каталогот се:

- *Некои од документите со правните основи на квалификацијата (колона Q во Каталогот) не можеше да се обезбедат*. Текстот „да се обезбеди“ е напишан во ќелиите за соодветната квалификација;

- *На некои од квалификациите не им се доделени НРК сектори (колона F во Каталогот) бидејќи во документацијата секторот не беше означен или информациите беа во судир. Во ваквите случаи во ќелијата е нашишано „да се определи“ или внесен е сектор со забелешка.*
- Колоната G се однесува на „Области на квалификацијата“ или подсектор или подгрупа на сектор која потенцијално може да постои. *За целта на оваа студија некои од „Областите на квалификацијата“ беа идентификувани со поединичени претставници на некои институции или беа предложени врз основа на квалификацијата. Пристапот во класифицирањето треба да се систематизира.*
- *Пристап на наредното квалификационо ниво е јасно само кај некои од квалификациите;*
- *Во некои од квалификациите не постоеа податоци за актерите вклучени во развојот на квалификациите.*

Работата на Каталогот во делот на идентификување на кодови од Националната класификација на занимања (НКЗ), за квалификациите од Каталогот разоткри, дека во бројни случаи не е можно да се асоцира на единствен НКЗ код на квалификација или дека не постои НКЗ код за квалификација. Структурата на НКЗ е многу слична со структурата на Интернационалната стандардна класификација на занимањата – ИСКО (International Standards Classification of Occupations – ISCO) (види *Анекс 7 – Листа на сектори користени од страна на Државниот завод за статистика*) и се разликува од НРК секторите како што се определени во Законот за НРК (види *Анекс 8 – Листа на НРК сектори*). Примената на Законот за НРК можеби ќе иницира или ќе треба да иницира хармонизација-усогласување помеѓу НРК класификацијата и воспоставувањето на сектори и подсекори, од една страна и НКЗ, од друга страна.

## 1.4. Препораки

Препораките се засновани на согледувањата од претходното подрачје на ова поглавје.

1. Резимираната (синтетизираната) информација, опис на квалификација, треба да содржи информации кои се потребни да се пополнат ќелиите во Каталогот и да содржи формулација на резултати од учење (или цели на учење ако нема расположиви резултати од учење), во спротивно може да се појават несогласувања или контрадикции водефинициите.
Добри примери на постоење на таква документација се општите услови (описи) на тригодишните и двегодишните реформирани програми во ИСОО развиени во рамките на твининг проектот MK 07 IB SO 03, програмите развиени според истата методологија надвор од рамките на проектот и документацијата која ги опишува програмите за образование на возрасни кои водат кон стручни квалификации наведени во Каталогот. Резимирана (синтетизирана) информација, опис на квалификација, треба да се развие за секоја од четиригодишните програми во ИСОО, уметничките образовни квалификации во средно образование, квалификациите за основно образование, општо средно образовние и мајсторскиот испит за занаетчиство. Јасноста на квалификациите за сите корисници на НРК и идната база на квалификации ќе зависи од таквиот усовршен опис на секоја поединечна квалификација.
2. Треба да се планира и спроведе усогласување на традиционално доделуваните сектори на сите образовни квалификации во ИСОО во согласност со НРК секторите.

3. Со цел да се олесни поврзувањето на квалификациите со код од НКЗ треба да се воспостави кореспонденција помеѓу НКЗ, од една страна и НРК секторите и идните потенцијални подсектори во секторите, од друга страна.

4. Податоци за завршените ученици по квалификација може да бидат организирани од МОН во тесна соработка со ДЗС.

5. Информации кои недостасуваат или информации кои треба да се проверат во Каталогот:

   а. Некои од документите со правните основи на квалификацијата кои не можеа да се обезбедат во текот на истражувањето треба да се обезбедат од ЦСОО или БРО (колона Q во Каталогот).
   б. Некои од квалификациите немаат доделени НРК сектори, бидејќи во документацијата секторот не беше означен или информациите беа во конфликт (колона F во Каталогот). Овие информации треба да се проверат со ЦСОО и Центарот за образование на возрасни (ЦОВ).
   в. Структуирање на областите или подсекторите на НРК секторите (колона G) треба да биде договорена со РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРКили да се донесе одлука во некој момент во текот на поврзувањето со ЕРК.
   г. Информацијата за пристапот на наредното ниво на квалификација треба да е подобро опишано и разјаснето со ЦСОО и БРО.
   д. Информациите за актерите вклучени во развојот на квалификациите треба да се провери со ЦСОО и БРО.

6. Систематизирање и организирање на квалификациите: база(и) и-или Регистер(ри):

   а. Каталогот содржи широк опсег на информации за квалификациите и ги опфаќа повеќето од елементите опишани во Законот за НРК (во член 6) за тоа, каков да е „стандардот на квалификација" (достапна информација во моментот на подготвување на Извештајот). Затоа, овој Каталог има потенцијал да се користи како база на квалификациите кои ќе бидат внесени во НРК, или уште повеќе, да прерасне во Регистер на квалификации во НРК во Македонија (НРК Регистер). НРК Регистер треба да се оформи (член 20 од Законот за НРК ) и одржува (член 21 од Законот за НРК). Каталогот може да еволуира во НРК Регистер заради следниве причини:
      - Ги опфаќа сите активни квалификации во ИСОО, сите верифицирани посебни програми за образование на возрасни, квалификациите во општото образование, уметничките квалификации во средното образование, квалификациите во цивилното воздухопловство;
      - Едноставно се користи, ажурира и одржува:
         - Ако, односно, кога ќе се воведе признавање-потврдување на неформално и информално учење, постоечкиот Каталог може да се користи со минимални прилагодувања;
         - Во случај квалификациите и стандардот на квалификација да се подобри и надгради, овие усовршувања може лесно да се внесат во Каталогот.
   б. РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРКможе да планира и подготвува препораки за оформување на НРК Регистер(ри) и соодветени база(и) на податоци на квалификации. Ваква систематизација придонесува за транспарентноста на процесот на поврзување на НРК со ЕРК и процесот на внесување на квалификациите во НРК. Законот за НРК , член 20, воспоставува: „Формата, содржината и начинот на водење на НРК Регистерот ги пропишува министерот за образование и наука". За да се спроведат подготвителните активности, може да и се даде мандат и ресурси

на Работна група за да се планира, структуира и да го тестира пилот НРК Регистерот.

в. НРК Регистерот треба да е на располагање за јавен пристап (селектирани домени) заради обезбедување на доверлива и соепфатна информација за корисниците во врска со значењето на квалификациите и нивната взаемна поврзаност.

7. Експерти треба да го олеснат деталното споредување на Базата на регулирани професии во Македонија со Каталогот и воспоставувањето на кореспонденција помеѓу номенклатурите и термините користени во Базата и имињата на квалификациите во Каталогот.

Согледувањата и препораките презентирани во ова поглавје на Извештајот се верифицирани во консултација со клучните заинтересирани страни и институции и на состаноците на РГ НРК (октомври 2014 година).

# 2. АНАЛИЗА НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ

## 2.1 Пристап

Студијата вклучува анализа на релевантен примерок[18] (селектирани случаи) на квалификцаии, со специјално внимание на квалификациите во ИСОО и квалификациите стекнати во неформалното образование, за мапирање на главните карактеристики кои се однесуваат на содржината и квалитетот на квалификациите, стандардите и документацијата кои ги чинат нивниот темел, односно, основа.

Анализата има за цел да подготви докази (документи) кои ќе овозможат транспарентно одредување на нивото и вклучување на постоечките квалификации во НРК. Оваа работата придонесува во исполнување на Критериумот 4 за Поврзување на НРК со ЕРК и трасира можни патишта во справување со овие прашања.

Анализата имаше 2 дела:

1) Анализа на главните карактеристики кои се однесуваат на <u>содржината</u> на квалификациите. Образецот за анализа беше подготвен од ЕТФ.
2) Анализа на главните карактеристики кои се однесуваат на <u>квалитетот</u> на квалификациите. Образецот за анализа беше подготвен од ЕТФ.

**Анализа на содржина на квалификација**

Анализа на главните карактеристики кои се однесуваат на содржината на квалификациите се состоеше од споредбата на изразите на резултатите од учењето на селектираните квалификации со описите на релевантното ниво во НРК. Алатките и инструкциите, подготвени од ЕТФ, беа конзистентно користени во текот на анализата и за сите квалификации од примерокот.

Процесот ги следеше чекорите:

а) Идентификување на најрелевантните документи во кои можат да се најдат изрази на резултати од учењето врз основа на документите за „примерокот“ на квалификациите.
б) Внесување на основните информации за квалификацијата и за идентификуваните документи во горните редови од образецот (*Анекс 4*) за секоја од селектираните квалификации.
в) Оценување дали идентификуваните документи поседуваат изрази на резултати од учењето (да / не) и (ако да) дали овие резултати од учењето имаат подиректна или поиндиректна врска со описите на нивоата во НРК за секоја од селектираните квалификации. Оваа информација, исто така, е вклучена на горните редови од образецот (*Анекс 4*).
г) За квалификациите кои имаат изрази на резултатите од учењето, со повеќе или помалку директна врска со описите на нивоата во НРК, експертот ја доврши споредбата на резултатите од учењето со описите на нивоата во НРК со користење на образецот(*Анекс 4*).
д) За сите други квалификации, кои немаат резултати од учењето, експертот спроведе споредба на целите од учењето со описите на нивоата во НРК со користење на

[18] „Примерок“ е користен во смисла на „случаи“, а не во смисла на статистичко значење. Случаите селектирани за анализа ги исполнуваат прагматичните критериуми како: побарувачка од учениците, побарувачка на пазарот на труд и достапност на колку што е можно покомплетна документација.

образецот. Потоа, опишани се разликите помеѓу идентификуваните цели од учењето и описите на нивоата во НРК (*Анекс 4*). Подоцна овие описи се користеа за подетална анализа на содржината на таквите квалификации во поглед на доделување на ниво на квалификациите во НРК

ѓ) Заради транспарентност, наведени се сите користени извори на информации за секоја од анализираните квалификации.

е) По оценувањето и идентификувањето на главните согледувања, формулирани се препораките за усовршување на квалификациите кои се опишани во поглавјето *2.5 – Препораки* од Извештајот. Препораките и нивните потенцијални различни опции беа дискутирани со ЕТФ во разни фази.

Анексот 4 *(Анекс 4 – Анализа на содржината на квалификациите од примерокот на квалификации)* ја прикажува анализата на главните карактеристики кои се однесуваат на содржината на квалификациите на сите квалификации од „примерокот“ на квалификации.

**Анализа на квалитет на квалификација**

Главните карактеристики во врска со квалитетот на квалификациите беа анализирани со одговарање на серија од прашања за следниве области: релевантност на квалификацијата за пазарот на труд; стандарди врз кои е заснована квалификацијата; структура на квалификација; вклученост на актерите од пазарот на труд во различните фази на квалификациониот процес (развој, процес на учење, оценување); институционална поставеност на квалификацијата. За реализацијата на оваа анализа се користеше релевантен прашалник подготвен од ЕТФ.

*Важно е да се подвлече дека намерата на оваа анализа на квалитет на квалификација е да погледне во „внатрешниот “ квалитет, набљудуван од гледна точка на релевантноста за потребите на пазарот на труд, вклучувањето на важните чинители во разни фази од развојот на квалификацијата и доделување на квалификацијата. Аспектите во врска со институционално обезбедување на квалитет (верификација, акредитација, одобрување на квалификација) се регулирани (легислатива, правилници) и оваа анализа не се осврнува на овие процедури и практики.*

Анализата се спроведе низ следниве чекори:

а) Истражување и обезбедување на потребна документација за пополнување на прашањата од прашалникот за областите од интерес врз основа на документите за „примерокот“ на квалификациите.

б) Анализа на прибраната документација и селектирање на релевантна документација за користење при пополнувањето на прашањата од прашалникот за областите од интерес.

в) Внесување на основните информации за квалификацијата во горните редови од образецот (*Анекс 5*) за секоја од селектираните квалификации.

г) Анализирање на добиените податоци од Агенцијата за вработување (АВРМ) за бројот на невработени лица и бројот на објавени слободни работни места за анализираната квалификација.

д) Реализирање разговори со одговорни лица на претпријатија (листа во *Анекс 1* од овој Извештај) кои вработуваат лица кои ја поседуваат конкретната квалификација.

ѓ) Внесување на информациите и податоците од документацијата, односно од разговорите со претпријатијата во сите области на прашалникот (*Анекс 5*).

е) Заради транспарентност, наведени се сите користени извори на информации за секоја од анализираните квалификации (*Анекс 5*).

ж) По оценувањето и идентификувањето на главните согледувања, формулирани се препораките за усовршување на квалификациите кои се опишани во поглавјето *2.5 – Препораки* од Извештајот. Препораките и нивните потенцијални различни опции беа дискутирани со ЕТФ во разни фази.

Анексот 5 *(Анекс 5 – Анализа на квалитет на квалификација од примерокот на квалификации)* ја прикажува анализата на главните карактеристики кои се однесуваат на квалитетот на квалификациите во ИСОО и за квалификации во неформалното образование.

## 2.2 Примерок (селектирани случаи) на квалификации користени за двете анализи на квалификациите

Селекцијата на квалификациите кои го сочинуваат примерокот (селектирани случаи) на квалификации користени за двете анализи беше важен процес. Релевантноста на случаите има извесно влијание на процесот на Поврзување на НРК со ЕРК, посебно во врска со барањата на Критериумите 3 и 4 за Поврзување на НРК со ЕРК.

Затоа, во селектираните случаи на квалификации се застапени различни типови на квелификации и повеќето од нивоата во НРК. Дополнително, во селекцијата на квалификациите во ИСОО и квалификациите стекнати по неформален пат беа земени предвид следните критериуми:

- важноста на секторот за економијата;
- релевантноста за пазарот на труд;
- побарувачката меѓу учениците (на пример: удел на ученици / доделени квалификации)[19]; и
- доволно добро дизајнирана-документирана квалификација и достапност на документацијата.

Истовремено, рамнотежата на примерокот беше одржана. Тежината на примерокот е следна:

1) ИСОО: ± 10% од квалификациите; Четиригодишно ИСОО: примерок од 5 квалификации од 52 активни квалификации; Тригодишно ИСОО: примерок од 2 квалификации од 16 нови (2013 година) дизајнирани и одобрени квалификации;
2) Неформално СОО: ± 20% од квалификациите; 14 верифицирани посебни програми за образование на возрасни од 58[20] програми за образование на возрасни;
3) Мајсторски испит во занаетчиството: 1 квалификација (со аспирации да биде на ниво V Б во НРК)
4) Високо образование: 2 квалификации (во принцип на ниво VI во НРК)
5) Општо образование: 2 квалификации, основно образование и општо средно образование (по една квалфикација на секое од нивоата).

Селектирањето на квалификациите за анализа беше направено во консултација со одговорните институции по сектори од квалификации (на пример: Сектор за основно и средно образование во МОН, ЦСОО и ЦОВ). Најважно е што примерокот на квалификации беше презентиран на РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК, беше дискутиран и беше прифатен од страна на РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК. Анексот 3 (*Анекс 3 – Примерок (случаи) на квалификации во ИСОО и квалификации во неформално образование користени за анализите на квалификациите*) ги презентира случаите на селектираните квалификации.

## 2.3 Консултирани извори на информации

---

[19] Изворите на информации се: Агенција за вработување и тренинг институции кои нудат образование и обука.

[20] Исто со фуснота 12.

Процесот на обезбедување на информации и документација за анализата на содржината и квалитетот на квалификациите од случаите на релевантни квалификации беше претежно правен како и за Каталогот: преку истражување и сеопфатен процес на консултации со релевантните институции  и заинтересирани страни во процесот на НРК како МОН, ЦСОО, ЦОВ, БРО, коморите, сопственици-директори на претпријатија кои вработуваат лица со квалификации кои се анализираа. Во Анексот 2 *(Анекс 2 – Консултирани извори на информации, дел Б)* се дадени изворите користени во анализите.

Збир од алатки (обрасци, примери и инструкции) за двете анализи беа презентирани на работилницата на РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со  ЕРКодржана во Скопје (25-26/06/2014). РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК ги прифати алатките како адекватни за потребите на анализите, го прифати овој Извештај и Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК.

Во периодот по работилницата, интензивно се работеше на прибирање на потребната документација за анализите со поддршка на водството на РГ за подготовка на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК и ЕТФ.

## 2.4 Согледувања

**Анализа на содржина на квалификација**

Анализата на содржината на квалификацијата беше спроведена на секој од селектираните случаи (поединечни квалификации наведени во Анекс 3). Еден од резултатите се однесува на сличностите на карактеристиките, односно, согледувањата може да се однесуваат на групи од квалификации (на пример: група на верифицирани посебни програми за образование на возрасни, група на нови квалификации во тригодишното ИСОО, група на квалификации во четиригодишно ИСОО). Детална поединечна анализа на сите квалификации од примерокот е даден во *Анекс 4*.

Квалификации во тригодишно и двегодишно ИСОО

*Квалификациите во реформираното тригодишно и двегодишно ИСОО развиени во рамките на твининг проектот МК 07 IB SO 03, или според истата методологија, може да се сметаат како транспарентни и целосни од сите аспекти на анализата:* засновани се на стандарди на занимање и на стандарди на квалификации; имаат консолидирана информација во образовната програма (опширен и детален опис на програмата, наставен план, наставни програми, испитни програми за завршен испит). *Квалификациите во реформираното тригодишно ИСОО одговараат на описите на нивоата во НРК и скоро целосно одговараат на соодветните стандарди на занимање.* Можни се транспаретни предлози за определување на нивоата на квалификациите. *Квалификацијата во реформираното двегодишно ИСОО е заснована на стандард на квалификација на ниво II, додека стандардот на занимање е на ниво III.* Оваа неусогласеност е пречка за неодложно внесување на оваа квалификација во НРК. Затоа, се предлага на оваа квалификација провремено да се определи ниво, се додека не се разреши неусогласувањето (на пример, нивото на стандардот на занимање може да се спушти од ниво III на ниво II).

*Овие квалификации одговараат на описите на нивоата III и II во НРК, соодветно и скоро целосно одговараат на соодветниот стандард на занимање.* Можни се транспарентни предлози за одредување на нивото на квалификациите.

Квалификации во четиригодишно ИСОО

Анализата на *квалификациите во четиригодишното ИСОО го реафирмираше фактот дека овие квалификации не се засновани на стандарди на занимање, односно, на стандарди на квалификации и дека овие квалификации содржат изрази за цели од учењето.* Синтетизирана информација за програмата за образование и обука и за резултатите од учењето не е постои. Релевантната документација содржи само наставен план, наставни програми и кратка информација за квалификацијата на веб страната на ЦСОО. Значителен пакет од документи беше оформен за да се пронајдат сите фрагменти на информациите релевантни за анализите (како што беше опишано во алатката за анализа на содржината).

Во принцип, *без оглед на волуменот на различни обезбедени документи за потребите на оваа анализа, информацијата не е доволна за да се определи дали овие квалификации, помалку или повеќе, целосно ги задоволуваат стандардите на занимање*, бидејќи тие не се поврзани со или упатуваат на стандард на занимање, односно, стандард на квалификација. Споредбите *на изразите за целите со описите на нивото во НРК IV разоткри извесен број на разлики во домените: знаења и разбирања, вештини, комптенции*[21]. Некои од нив се:

- Не постои темелен (основен) документ кој содржи резултати од учење.
- За изразите во доменот на знаење се користени збир од наставни програми по стручните и општообразовните предмети.
- Некои од клучните зборови во описите на нивоата во НРК не се објаснети (на пример: самостојност, одговорност, супервизија, евалуација на работните резултати, итн).
- Наведените знаења, вештини, компетенции не се поврзани помеѓу себе.

Овие разлики се елаборирани во детали во анализата на секоја од овие квалификации (*Анекс 4*).

Квалификации во неформалното образование

Стандардите на занимање се темел (основа) на стручните квалификации кои резултираат од верифицираните посебни програми за образование на возрасни. Извесен број на различни програми за образование на возрасни се групирани околу еден стандард на занимање. Затоа, анализата на овие стручни квалификации е направена на група програми за образование на возрасни кои гравитираат кон некој стандард на занимање.

По анализата на компатибилноста на стандардот на занимање со описите на новата во НРК следеше споредба на резултатите од учењето на секоја програма за образование на возрасни со стандардот на занимање. Анализата разоткри дека, во принцип, резултатите од учењето опишани во *овие стандарди на занимање се релативно директни и блиски до соодветните описи на нивата во НРК. Програмите за образование на возрасни од примерокот се во согласност со ставовите 3, 4 и 5 од членот 12*[22] *од Законот за НРК*. Подготвувачите на посебните програми за образование на возрасни примениле различни пристапи во користењето на стандардот на занимање и имаат различно покривање на стандардот на занимање. Како последица од тоа *стручните квалификации за образование на возрасни изгледа дека целат*

[21] Според член 7 од НРК Законот, домените во НРК се: знаење и разбирање, вештини и компетенции.

[22] НРК Закон, член 12, ставовите 3, 4 и 5 гласат:
(3) Стручните квалификации се стекнуваат за дел од јавно донесени образовни програми, модули или курсеви, или со завршување на посебни програми за образование, по извршена проверка согласно закон. Овие квалификации претставуваат формално призната оспособеност за извршување на работи во рамките на едно или повеќе занимања на определено ниво на барања.
(4) Стручните квалификации даваат доказ дека се постигнати помали групи на резултати на учење (РУ) или комбинации на резултати на учење кои не ги задоволуваат барањата на постигањата за образовно ниво.
(5) Стручните квалификации содржат стручни компетенции од еден или повеќе стандарди на занимања.

*на различни потреби-популација-цели во смисла на клучни задачи на занимањето, затоа, тие тешко можат да се споредуваат и не се компатибилни помеѓу себе што може да претставува пречка кога ќе се воведе признавање-потврдување на неформалното и информалното учење.* Идентификуваните разлики се елаборирани во повеќе детали во анализата на секоја од овие квалификации од примерокот во *Анекс 4*. Стандардите на занимање користени за развој на овие квалификации се истите кои се користени за развој на квалификациите во тригодишно и двегодишно ИСОО (на пример стандардите на занимање за: фризер, гипсер-монтер, келнер, готвач, итн).

Квалификациите: мајсторски испит во занаетчиството, основно образование и општо средно образование исто така беа анализирани како дел од примерокот на квалификации. Анализата на содржина покажа дека документацијата која ги сочинува *сите овие квалификации е заснована на цели кои делимично ги опфаќаат описите на нивоата во НРК во сите домени: знаења и разбирање, вештини и компетенции. Само во случајот на квалификацијата мајсторски испит во занаетчиството доменот на знаењата беше претежно опфатен. Изразите на целите се релативно индиректни со описите на соодветните нива во НРК.* Идентификуваните разлики се објаснети во повеќе детали во *Анекс 4*.

Две високообразовни квалификации беа исто така анализирани: една на ниво VI А и една на ниво VI Б. Изразите на резултатите од учењето во двете квалификации беа споредени со описите на ниво VI во НРК и на описите на циклусите-нивоата за прв циклус (180-240 ЕКТС) во Националната рамка за вискообразовни квалификации. *Анализата покажа дека резултатите од учењето во квалификациите, во принцип, се релативно директни и сообразни со описите на нивото од НРК и на описите на циклусите-нивоата во Националната рамка за вискообразовни квалификации.*

*Формално-официјално одобрување на постоечките стандарди на занимање и стандарди на квалификации се уште се очекува.*

### Анализа на квалитет на квалификација

Согледувањата извлечени од Анализата на квалитет на квалификација се елаборирани со користење на истите области според кои беше правена анализата (опишани во поглавје 2.1.1): (а) релевантност на квалификацијата за пазарот на труд; (б) стандарди врз кои е заснована квалификацијата; (в) структура на квалификација; (г) вклученост на актерите од пазарот на труд во различните фази на квалификациониот процес (развој, процес на учење, оценување); (д) институционална поставеност на квалификацијата. Детална поединечна анализа на сите квалификации во ИСОО и стручните квалификации во неформалното образовани во примерокот се презентирани во *Анекс 5*.

Анализата на ***(а) Релевантноста на квалификацијата за пазарот на труд*** беше реализирана со користење на податоци обезбедени од АВРМ, разговори со работодавачите (сопственици или менаџери на претпријатија кои вработуваат работна сила од одредена квалификација) и друга релевантна документација. *За потребите на оваа анализа не беше можно да се оценат податоци од ДЗС за бројот на завршени ученици по квалификација.* Во базата на АВРМ невработените се регистрираат според различни параметри (завршено образование, социо-демографски аспекти, итн.), но не според НКЗ. Евиденцијата на слободните места е организирана според НКЗ (која е базирана на ИСКО-08) каде образовните нивоа се структуирани на поинаков начин и ги содржат категориите: високо образование, средно и вишо образование освен универзитетско, средно образование, основно образование, неопределно ниво на знаење. *Како последица од ова, не постои директна врска помеѓу структурата на невработени и структурата на слободни работни места.* Понатаму, како што препознава и АВРМ, *бројот на слободни работни места е кумулативен и не го одразува реалниот број на слободни работни места.* Тоа е сума на сите објавени слободни работни места во даден период и може да вклучува повеќекратни објави на еден работодавач на истите слободни

работни места. Годишната анкета на АВРМ „Анализа на потреби од вештини“ обезбедува корисни информации за краткорочно предвидување засновано на перцепциите на работодавачите. Воспоставувањето на комуникација и можна хармонизација на елементи од термини и класификации користени во различни анкети и сопственици на бази може да помогне за воспоставување на многу потребното систематско следење на квалификациите и вештините на пазарот на труд. *Во заклучок, оваа анализа покажа дека постои проблем на недостаток на релевантни и валидни информации-податоци за да се дојде до заклучок заснован на информации за релевантностапотребата/побарувачката на квалификацијата на пазарот на труд.*

Елаборациите за ***(б) Стандардите врз кои е заснована квалификацијата*** зависат од документацијата на квалификациите, или конкретно, од постоењето на стандарди на занимање, односно, стандарди на квалификација. За квалификациите за кои нема ниту стандарди на занимање, ниту стандарди на квалификација (четиригодишни програми во ИСОО), *курикулумот е документ без друг темелен (основен) документ во светот на трудот (стандард на занимање и/или квалификација).* За другите квалификации (тригодишно и двегодишно ИСОО и посебни програми за образование на возрасни), стручните компетенции од стандардот на занимање се користени како извор за стручните компетенции во стандардот на квалификација и исто така во курикулумот или во програмите за образование на возрасни.

Само неколку од анализираните квалификации се оценуваат со стандарди/критериуми за оценување:

- Испитните програми за оценување на завршените ученици од тригодишни и двегодишни програми во ИСОО за завршен испит *е заснован на постигнување на резултати од учењето добиени од стручните компетенции во стандардот на занимање, односно, стандардот на квалификација.*
- Квалификациите здобиени со четиригодишни програми во ИСОО и мајсторски испит за занаетчиство *немаат оценување базирано на резултати од учењето, туку оценување врз основа на очекувани резултати од целите на учење. Евидентно е дека развој на стандард на занимање, односно, стандард на квалификација е важно за вопоставување на оценување базирано на резултати од учењето.*
- Оценувањето на кандидатите во програмите за образование на возрасни, во повеќето од случаите, не е изразено преку *постигнување на резултати од учењето, туку е изразено преку оценување на елемент на обука или единица или модул. Како последица, не е јасно дали оценувањето ги проверува способностите на кандидатите по успешно завршување на секој од елементите на обука или единицата или модулот.*

Неколку согледувања/заклучоци може да се извлечат од анализата на ***(в) Структурата на сите квалификации***:

- Ниту една од анализираните квалификации не е организирана во единици на РУ, туку врз цели од учење.
- Новите реформирани квалификации во тригодишно ИСОО ги исполнуваат темелните стандарди на занимање – ги опфаќаат (со мали отстапувања) соодветните стандарди на занимање, односно, квалификација. Додека, кај квалификацијата во двегодишно ИСОО постои несогласување помеѓу соодветниот стандард на занимање и на квалификација. Оваа група на квалификации ужива подобро документирана врска со стандардите на занимање, односно, квалификацијата со курикулумот и оценувањето.
- За разлика од квалификациите во тригодишно и двегодишно ИСОО, заклучок дали квалификациите во четиригодишно ИСОО ги исполнуваат стандардите на занимање не може да се донесе заради непостоењето на стандардите на занимање, односно, квалификација. Како последица, оваа група на квалификации во суштина е заснована на образовна програма и недостасува јасно документирана врска со целното занимање.

- Стручните квалификации за образование на возрасни во дел го опфаќаат соодветните стандарди на занимање и истовремено се сообразни со ставовите 3, 4, и 5 од членот 12 од Законот за НРК Посебните програмите за образование на возрасни се поврзани со стандардот на занимање, но оценувањето е изразено преку оценување на модули за обука, а не преку оценување на резултати од учењето. Подоцна треба да се преуредат за да се усогласат овие квалификации со барањето на НРК во смисла на поврзаност (кохерентност) помеѓу оценувањето и стандардите.

***(Г) Вклученоста на актерите од пазарот на труд во различните фази на процес на квалификации*** беше анализирана од аспект на: стандарди на занимање, процес на учење, оценување. Во согласност со информациите во стандардот на занимање, *работодавачите биле вклучени во развојот на стандарди на занимање.*

Во принцип, *работодавачите биле вклучени во развојот на наставни програми или посебните програми за образование на возрасни за сите квалификации.* Исто така, повеќето од стручните училишта имаат договори за соработка или традиција на соработка со некои работодавачи. *Во таквите случаи учениците се прифатени за дел од практичната обука во претпријатијата.* Во другите случаи практичната обука се организира во училиштата, *односно во таквите случаи, работодавачите не беа дел од учење на работно место (за работници) или обезбедување на лекции од гости предавачи во училиштата со исклучок на некои програми за образование на возрасни*.

Р*аботодавачите не биле вклучени во ниту еден аспект на развојот на оценувањето.* Во согласност со испитните програми за двегодишното и тригодишното ИСОО, в*клучување на работодавачите е предвидено во комисиите за оценување (спроведување и оценување) на делот за практична обука (работа) од завршниот испит.* Во документиција која го регулира *оценувањето во четиригодишните квалификации во ИСОО учеството на работодавачите не е ограничено. Повторно, не е јасно и сигурно дали ова систематски се практиктува во реалноста. Во оценувањето на кандидатите во однсна програмите за образование на возрасни, во повеќето од случаите, работодавачите се вклучени во спроведувањето и оценувањето на кадидатите.*

Анализата на ***(д) Институционалната поставеност на квалификацијата*** разоткри дека *оценувањето за сертификација на квалификацијата на луѓето кои не го следеле или само во дел следеле одредена образовна програма или програма за обука и за луѓето кои бараат да им се признае/потврди нивното професионално искуство и вештини (претходно неформално и информално учење) за добивање квалификација, засега не е предвидено во релевантната правна документација и стандардите.*

*Стандардите на занимање и квалификација, клучните документи кои ја чинат квалификацијата, делумно се одобрени и затоа не се документи со правен статус.* Оваа ситуација траеше неколку години и најпосле ќе биде преуредена од 2015 година со интензивната работа на спроведувањето на НРК.

Во принцип, анализираната документација врз која се засновани квалификациите, не содржи експлицитни информации-референци до процеси или процедури за обезбедување на квалитет кои се спроведуваат како законска обврска. Во стандардите на занимање, односно, стандардите на квалификација нема ниту информации за одржувањена квалификацијата, ни информации за оценувањето (стандарди/критериуми за оценување). Затоа, на квалификациите кои се базирани на стандарди на занимање, односно, стандарди на квалификација им недостасуваат експлицитни референци на процеси на обезбедување на квалитет. Тековни елементи преку кои се обезбедува квалитет се:

а) Образовните програми во СОО кулминираат со Завршен испит кој содржи практичен дел со кој се оценува практичната обука.

б) Верифицираните програми за образование на возрасни минуваат низ административна контрола на квалитет: верификациона процедура за посебните програми за образование на возрасни регулирана со *Правилник за верификација на програмите за образование на возрасни*, реализирана од ЦОВ; и верификациона процедура за институциите кои нудат образование и обука за возрасни регулирана со *Правилник за верификација на установите и институциите за образование на возрасни*, реализирана од МОН. Програмите за образование на возрасни содржат поглавје (поглавје 20) кое го опишува процесот на самоевалуација/интерна евалуација која треба да се спроведе во текот на процесот на обука. Исто така, ЦОВ и Просветниот инспекторат може да ги посетат институциите кои нудат образование и обука за возрасни и да го контролираат квалитетот на имплементацијата на обуката за возрасни.

Оценувањето беше анализирано од неколку аспекти: развој, организација и оценување на испитите. Се покажа дека институциите кои нудат образование и обука , *Државниот испитен центар и ЦСОО имаат одговорност и играт улога во процесот на оценување, додека секторските тела, коморите, работодавачите не се дел од оценувањето (со исклучок на можноста да бидат вклучени во испитните комисии за делот од практичната обука од завршниот испит за двегодишното и тригодишното ИСОО)*.

Согледувањата од двете анализи (содржина на квалификација и квалитет на квалификација) беа споредени со барањата на стандардот на квалификација како што е зацртан со член 6 од Законот за НРК. Оваа споредба разоткри различни степени на сообразност со текстот на член 6.

Членот 6 од Законот за НРК гласи:
„Стандардот на квалификацијата од член 5 од овој закон го сочинуваат:
- име на квалификацијата,
- тип на квалификацијата;
- ниво, односно подниво на квалификацијата,
- код на квалификацијата,
- кредитна вредност на квалификацијата,
- опис на квалификацијата и
- содржина на квалификацијата (услови за запишување, број на задолжителни и изборни предмети, односно модули, начин на потврдување и критериуми за потврдување на резултатите од учењето).“

За да се дооформи разбирањето на членот 6 од Законот за НРК, овде е цитирана седумнаесеттата дефиниција од член 2 (Речник) на Законот за НРК: „„Описи на квалификации“ се мерливи показатели за резултатите од учење кои се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции.“

Значи, како заклучок, член 6 од Законот експлицитно бара инклузија на методите и критериумите за оценување во стандардот на квалификација.

Резимето на согледувањата од оваа споредба со барањата на Законот за НРК е следново:

1) *Квалификациите во тригодишните (и двегодишното) ИСОО скоро целосно се сообразни со барањата зацртани со член 6 од* Законот за НРК
2) *Следните групи на квалификации не се сообразни со* Законот за НРК *и треба да се преработат за да се донесат во согласност со* Законот за НРК*:*
    - *Квалификации во четиригодишното ИСОО, мајсторски испит во занаетчиството;*
    - *На специфичен начин: основно образование и општо средно образование.*
3) *Програмите за образование на возрасни се сообразни во дел, но значително со барањата зацртани со член 6 од <u>Законот за НРК</u>.*

4) *Вклучување на методи и критериуми за оценување во постоечките стандарди на квалификација е од голема важност, бидејќи таа е една од најслабите карактеристики на квалификациите во анализираната релевантна документација.*

## 2.5 Препораки

Имајќи ги во предвид согледувањата од анализата на содржина на квалификација и анализата на квалитет на квалификација, се предлагаат следниве препораки[23] за подобрување на содржината и квалитетот на квалификациите:

**8. Подобрување на квалификациите и нивните компоненти и структуирање на документацијата[24]**

а. За квалификациите кои не се согласност со член 6 од Законот за НРК (квалификациите во четиригодишно ИСОО, мајсторски испит во занаетчиството):
- Да се развијат стандарди на занимање – каде е релевантно (ИСОО и мајсторски испит во занаетчиството).
- Стандардите на квалификација треба да се изразени преку резултати од учењето.
- Стандардите на квалификација треба да се организирани во единици од резултати од учењето (*види референца [57], Анекс 2, дел Б.2*) поради различни аспекти. Имено, во кратките инструкции од ЕТФ, во насловот *Препораки на ЕТФ за подобри стручни квалификации* се споменува: **„... Градење на квалификации врз единици/модули поради флексибилна реализација, пристап на учениците и поедноставно оценување..**“ Ваков пристап го олеснува признавањето/потврдувањето на претходното учење (неформално и информално).
- Стандардите на квалификација треба да содржат методи и критериуми за оценување за секоја од единиците/модулите од резултати од учење за тие да се применуваат универзално од страна на сите понудувачи на услуги во образованието и обуката (ИСОО, образование на возрасни, во претпријатијата, приватни, итн) и телата кои ги доделуваат квалификациите. Национално прифатените стандарди и критериуми за оценување се уште еден аспект на обезбедување на квалитетот на НРК (*види член 23 од Законот за НРК*) и на систем на квалификации
- Да се заврши процесот на одобрување на стандардите на занимање и квалификација.
- Курикулумите треба да се покохерентно поврзани со стандардите на занимање и квалификација преку низа од релевантни изрази на резултатите од учењето.
- Поглавјето *Оценување на учениците* во курикулумите треба да е компатибилно со методите за оценување и критериумите за оценување опишани во стандардот на квалификацијата.

б. На квалификациите кои скоро целосно се во согласност со член 6 од Законот за НРК (квалификации во тригодишното и двегодишното ИСОО) им се потребни следниве подобрувања:
- По извршеното подобрување на стандардот на квалификација (стандардот на квалификација е изразен преку единици од резултати од учењето и методите за

---

[23] Врз основа на согледувањата споменати во секцијата 2.4, извесен бројот на произлезени препораки се слични со препораките од претходното множество во поглавјата 1.4 и 3 (на пример препораките 1 или 4 или 13). За да се намали повторувањето, овие препораки не се повторени на ова место.

[24] Нумерирањето на препораките продолжува од претходното поглавје за да се користат само броеви за референцирање. Ако броевите на препораките започнуваа од 1 во секое поглавје, тогаш референцирање кон нив ќе беше можно само ако покрај бројот на препораката се користеше и на бројот на поглавјето.

оценување и критериумите за оценување се елаборирани за секоја единица од резултати од учењето), сите постоечки стандарди на квалификации треба соодветно да се прилагодат.

- Курикулумите треба да се прилагодат според подобрените стандарди на квалификации.
- Поглавјето *Оценување на учениците* во курикулумите треба да е компатибилно со методите за оценување и критериумите за оценување опишани во стандардот на квалификација.

в. За квалификациите кои се сообразни во дел, но значително со барањата зацртани со член 6 од Законот за НРК (посебни програми за образование на возрасни) препораките се:

- По извршеното зајакнување на стандардот на квалификација (стандардот на квалификација е изразен преку единици од резултати од учењето и методите за оценување и критериумите за оценување се елаборирани за секоја единица од резултати од учењето), сите постоечки стандарди на квалификации треба соодветно да се прилагодат.
- Се препорачува програмите за образование на возрасни да се редизајнираат за да можат да целат кон одредени единици од резултати од учење од соодветниот стандард на квалификација.
- Програмите за образование на возрасни треба да ги изразат нивните единици за обука преку резултати од учењето.
- Програмите за образование на возрасни треба да елаборираат пристапи во оценувањето преку оценување на резултатите од учењето.

## 9. Подобрување на алатките и методите

а. Истражувањето за следење на ученици/студенти кои завршиле степен на образование, засновано на методологија, треба да се спроведе за учениците од средното образование (или барем за сите типови на образовни програми во СОО) и високото образование – со фреквенција и време од завршувањето, кохерентно со други студии и истражувања. Согледувањата од овие студии, помеѓу другото, ќе придонесат во квалититативните промени на програмите и нивните врски со светот на трудот.

б. Тековно валидната „Методологија за подготовка на стандарди на занимање“ е премногу комплицирана и бара значителни ресурси за националниот контекст (институции и актери на пазарот на труд). Таа може да се рационализира и дисеминара до сите без да се наруши квалитетот и потребното партнерство со светот на трудот.

## 10. База/Каталог/Регистер на квалификации

а. Започнување на подготовки за база/каталог/регистер на квалификации со користење на Каталогот произведен со оваа студија. Базата на податоци треба да е заснована на консултации со сите заитересирани страни пред да се преземат крајните одлуки кои ќе ги исполнат потребите и целите на различните групи корисници (институции кои нудат образование и обука, ученици, работодавачи, секторски асоцијации, организации посредници на пазарот на труд, тела за стандардизација и обезбедување квалитет, тела кои креираат политики). Дополнително, идната база на квалификации треба да го земе предвид тековниот развој на ЕРК,бидејќи тоа ќе овозможи полесно поврзување на базата на земјата со новиот портал[25] „Можности за учење и квалификации во Европа“.

---

[25] Заедничка ЕРК – Плотеус портал на: http://ec.europa.eu/ploteus/en

б. Заклучоците засновани врз информациите за релевантност, потребите и побарувачката на квалификација (и нејзината содржина, знаења, вештини, квалификации) за пазарот на труд не се целосни заради недоволно релевантни и валидни информации и податоци. Затоа од голема важност е да се поддржат и финансираат мерки за зајакнување на следниве аспекти:

- Коморите, асоцијациите на работодавачи и секторските организации, оганизациите на средни и мали претпријатија, треба да си ги развијат капацитетите за предвидување на трендови и потреби во смисла на квалификациите и компетенциите кај нивните вработени и партнери.
- Агенцијата за вработување, Министерството за труд и социјална политика и Државниот завод за статистика да систематизираат подобро интегриран проток на информации за пазарот на труд (засновани на постоечките анкети и бази, односно, податоци кои можат да се надополнат, односно, искористат) кои се релевантни за одлуки во врска со менаџирањето на квалификациите.
- Државниот завод за статистика да ги подобри и систематизира податоците за учениците и завршените ученици по квалификација на различни нивоа и за различни типови.

в. Имајќи го во вид недостатокот на комуникација помеѓу секторите во НРК од Законот за НРК и другите номенклатури, класиификации, практики, се препорачува:

- Постоечките и идните стандарди на квалификации да се усогласат со секторите во НРК
- Постоечките интерни и други класификации од институциите треба да се усогласат со секторите од НРК

## 11. Партнерство со работодавачите

а. Работодавачите треба подобро да се вклучени во оценувањето на квалификациите: развој, организирање и оценување. Особено, имајќи во вид дека вклучувањето на работодавачите во испитните комисии (организирање и оценување) во делот за практична обука од завршниот испит е предвидено и дека треба систематски да се практикува во реалноста.

<u>Слично, како и во претходниот случај, согледувањата и препораките презентирани во ова поглавје на Извештајот се верифицирани во консултација со клучните чинители и институции и на состаноците на РГ НРК (октомври 2014 година).</u>

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА НРК СО ЕРК (КРИТЕРИУМИ 3 И 4)

Успешното поврзување на НРК со ЕРК бара транспарентно одрдување на нивото и вклучување на квалификациите во НРК. Ова поглавје од документот дава сугестии во поглед на влучувањето на квалификации во НРК при тоа земајќи ги предвид критериумите 3 и 4 за поврзување на НРК со ЕРК[26].

*Критериум број 3 за поврзување на НРК со ЕРК:*
*Националната рамка на квалификации или систем и нејзините квалификации се засновани на принципите и целите од резултатите од учењето и се поврзани со подготовките за признавање/потврдување на неформалното и информалното учење и каде постојат, кредит системите.*

*Критериум број 4 за поврзување на НРК со ЕРК:*
*Процедурите за вклучување на квалификациите во Националната рамка на квалификации или за одредување на местото на квалификациите во Националната рамка на квалификации се транспарентни.*

Конкретно, имајќи го во вид техничките согледувања и препораки од претходните поглавја, збир на сугестии за поврзување на НРК со ЕРК (во врска со критеримуите 3 и 4) се презентирани подолу. Овие сугестии се засновани на техничка и документирана анализа, но конечните одлуки треба да вклучат консултации со сите заинтересирани страни ,преку јасен пристап, секаде каде што е можно, со извесен степен на автономија при алтернативни предлози. Уште еден аспект, дополнително за усогласувањето со членот 6 од Законот за НРК, анализата на содржината (резултати од учењето) и внатрешниот квалитет може да биде земен во определувањето на нивото и процесот на внесување во НРК: големина и опфат, улога и место во структурите за образование и обука, прецепцијата на вработените за вредноста на одредена квалификација.

### 12. Вклучување квалификации во НРК

a. Имајќи ја во вид опишаната ситуација на различните групи на квалификации во смисла сочлен 6 од Законот за НРК, се сугерира:
   - Квалификациите доделени преку тригодишни програми во ИСОО се целосни квалификации на ниво III и може да се внесат во „Формално стручно образование и обука“[27] доменот на НРК.
   - Се предлага, квалификацијата доделена по успешно завршување на двегодишна програма во ИСОО да биде привремено внесена на ниво II во доменот „Формално стручно образование и обука“[28]на НРК се додека не се завршат активностите за подобрување на неусогласеноста помеѓу стандардот на занимање и стандардот на квалификација. Овие активности може да вклучуваат хармонизација на стандардите

---

[26] „Критериуми и процедури за референцирање на нивоата на националните квалификации со ЕРК“, на: http://ec.europa.eu/ploteus/sites/eac-eqf/files/criteria_en.pdf

[27] Класификацијата и нивото се предложени во сообразност со член 10 од НРК Законот.

[28] Исто со претходната фуснота.

на занимање и стандардите на квалификација за тие да се на исто ниво и да се директно поврзани (на пример: нивото на стандардот на занимање да се спушти од ниво III на ниво II).

- Квалификациите во четиригодишно ИСОО да се внесат на ниво IV условно во доменот „Формално стручно образование и обука“[29]. Низа активности треба да бидат преземени со цел преуредување на нивниот квалитет и усогласеност со НРК. Потребно е да се подготви Акциски план за ревизија и подобрување на овие квалификации помеѓу вклучените институции (МОН, БРО, ЦСОО) и Работната група за поврзување на НРК со ЕРК и да се приложи кон Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК. Во спротивно, овие квалификации нема да бидат сметани за адекватни за внесување во НРК. Имајќи во предвид дека овие квалификации доминираат во ИСОО и поголем дел од учениците се здобиваат со вакви квалификации, поконструктивно е да се избере одлуката на условно внесување во НРК.
- Мајсторскиот испит во занаетчиството да има условен статус на ниво V Б квалификација во доменот „Неформално образование и обука“[30] пропратен со план за ревизија на подобрувањата на квалификацијата и нејзиното оценување.
| **Име на квалификацијата**: Машински техничар<br>**Код на квалификацијата**: непознат (NA)<br>**Означено-Навестено ниво во НРК:** Ниво не е означено-навестено.<br>Информацијата не е доволна за да се определи дали оваа квалификација ги исполнува стандардите, повеќе или помалку целосно. Се предлага условно ниво IV (на пример: 3 години за определување на резултатите од учењето на квалификацијата и другите елементи на квалификацијата).<br><br>**Оваа квалификација е базирана на резултати од учење:** ~~Да~~/Не | **<u>Документ користен за оваа споредба:</u>**<br>**Тип:** Информација за средното стручно образование во Република Македонија, наставни програми за Машински техничар, наставни програми за општо-образовни предмети<br>**Датум:** непознат (NA), наставен план одобрен со одлука број 07-6403/1 од 22. 08. 2007, непознат (NA)<br><br>**Институција – Подготвил:** Центар за стручно образование и обука, Биро за развој на образованието |
| **Оценка на врската помеѓу описот на  резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:**<br>Во делот *4. Попис на работни задачи* во документот *Информација за средното стручно образование во Република Македонија* се наведени задачите кои генерално ги изразуваат компетенциите.<br>Во наставните програми за стручните предмети (*извор 2*), дел 2 *Цели на наставниот предмет* се наведени целите на предметот. Некои од нив содржат знаења, некои вештини, некои компетенции. Во делот 4 *Образовен процес* се наведени тематски целини кои ќе бидат обработени во рамките на предметот. За секоја од тематски целини се наведени целите. Некои од нив содржат знаења, некои вештини, некои компетенции.<br>Слично, во општообразовните наставни програми за 4-годишни стручни образовани програми (извор 3) делот 2 *Цели на наставниот предмет* содржи цели на предметот. Некои од нив содржат знаења, некои вештини, некои компетенции.<br>• Определување на врска помеѓу резултатите на учењето и описите на нивоата во НРК е предизвик.<br>• Впечаток е дека оваа квалификација се доближува до описите на ниво IV, но се уште е под барањата поставени со описите на нивоата. | **Оценка на разликите помеѓу описот на  резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:**<br>• Не постои темелен документ кој содржи резултати од учење.<br>• Знаењето не е изразено во делот *4. Попис на работни задачи* во документот *Информација за средното стручно образование во Република Македонија (извор 1).* За изразите во овој домен е користен извор 2.<br>• Не се опфатени сите описи во колоните: знаење, вештини, компетенции.<br>• Наведените знаења, вештини и компетенции не се поврзани помеѓу себе.<br>• Споредување на нивото на квалификацијата и описите на нивоата во НРК не може исцрпно да се направи.<br>• Повеќето од клучните зборови во описите на нивоата во НРК не се објаснети. |
| | |

| Описите на ниво 4 во НРК наспроти идентификуваните резултати од учењето | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис на ниво 4 во НРК<br>Знаење и разбирање | Описи на соодветните резултати од учењето: | Опис на ниво 4 во НРК<br><br>Вештини | Описи на соодветните резултати од учењето: | Опис на ниво 4 во НРК<br><br>Компетенции | Описи на соодветните резултати од учењето: |
| Познава концепти, принципи и процеси од предметите и областите за учење;<br><br>Поседува систематични теоретски и професионални знаења во рамките на определено подрачје на трудот или учењето, кои вклучуваат анализирање и поврзување на фактите и теоретските принципи при извршување на работата, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | • да ги познава можните извори на опасност во работилниците и погоните валавница и леарница;<br>• да ги познава основните обработки на универзалните стругови;<br>• да ги познава основните обработки со дупчење;<br>• да ги познава основните обработки со глодање;<br>• да ги познава основните обработки со точење;<br>• да ги познава основните обработки со симнување струганици;<br>• ги познава  обработките на ЦНЦ стругот;<br>• да ги познава  обработките на ЦНЦ глодалодупчалка;<br>• да се запознае со обработката на металите со пластична деформација;<br>• да ги разликува видовите на обработка на метали;<br>• да ги познава типовите на лемење;<br>• да ги познава типовите на заварување;<br>• да ги објаснува процесите на различните типови на заварување;<br>• да ги познава основните техники на обработка со симнување струганици;<br>• ги познава алатите за обработка на | Поседува различни когнитивни, практични и креативни вештини, засновани на теоретски знаења и принципи, неопходни за учење,  работа и решавање на проблеми во променливи услови во одредено подрачје на работа или учење;<br>Обучен е да прибира, анализира, селектира и да употребува релевантни информации од различни извори, алатки, методологии, техники и материјали во областа на учењето;<br>Обучен е да изведува сложени | • Да пишува извештаи од работењето;<br>• да ги чита работилничките цртежи;<br>• врши класификација на машинските елементи;<br>• ракува со машини за обработка на метал;<br>• ракува со дидактички ЦНЦ струг и глодалодупчалка;<br>• ракува со производна ЦНЦ машина;<br>• иденитификува најадекватна техника на обработка за делот што треба да се произведе;<br>• определува неопходно време за потребите на обработката на металот;<br>• изведува поедноставни пресметки на машински делови;<br>• координира со изведувачите на одделни поправки на машините и механизацијата;<br>• да работи точно, прецизно, рационално | Самостојно ја планира, организира и ја води својата работа и врши надзор на заедничката работа;<br><br>Самостојно извршува сложени задачи и решава проблеми, прилагодувајќи го своето однесување, во согласност со дадените насоки, во променливи услови;<br><br>Одговорен е за сопствената работа, работата на групата, во насока на вреднување на резултатите од | • црта и проектира одделни машински делови;<br>• изработува машински дел со користење на машини за обработка на метал;<br>• подготвува резервни делови за ремонт и одржување на машините;<br>• изработува технолошки постапки;<br>• врши симулација на дадена програма;<br>• изработува машински дел со предходно изработена |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | метал со различни постапки;<br>• ги расчленува технолошките системи;<br>• ја познава терминологијата на нумеричко-управуваните машини и нивоата на нивното управување;<br>• ги познава нивоата на управување нанумеричко-управуваните машини;<br>• ги познава функциите на давачите на нумеричко-управуваните машини. | постапки и да употребува методи, инструменти, алати, постројки и материјали во работата;<br>Комуницира и соработува со групата во променливи услови. | го почитува на работното време;<br>• користи различни инструмент за мерење и контрола;<br>• да применува лични и колективни средства за заштита при работа. | работата и унапредување на квалитетот, во согласност со однапред утврдени стандарди и критериуми. | програма;<br>• проектира одделни склопови и потсклопови. |

**Извори:**


1. Центар за стручно образование и обука, *Информација за средното стручно образование во Република Македонија*, http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=blogcategory&id=64&Itemid=186
2. Центар за стручно образование и обука, *Комплет стручни наставни програми*, http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=43&Itemid=1
3. Биро за развој на образованието, *Комплет општо-образовни наставни програми за четиригодишни стручни образовани програми*, http://bro.gov.mk/?q=sredno-strucno-obrazovanie.


**Пристап:**

а) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за вештини* внесени се изрази од делот *4. Попис на работни задачи* од документот *Информација за средното стручно образование во Република Македонија (Извор 1)* кои најмногу се доближуваат до опис на вештини.

Б) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за компетенции* внесени се изрази од делот *4. Попис на работни задачи* од документот *Информација за средното стручно образование во Република Македонија (Извор 1)* кои најмногу се доближуваат до опис на компетенции.

В) Колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за знаење и разбирање* е празна бидејќи, во делот *4. Попис на работни задачи* во документот *Информација за средното стручно образование во Република Македонија (Извор 1)* нема изрази кои опишуваат знаење и разбирање.

Г) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за знаење и разбирање* внесени се изрази за цели (*наслов 2. Цели на наставниот предмет*) од наставна програма за предмет (*извор* 2) кои најмногу се доближуваат до опис на знаење и разбирање.

Д) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за вештини* внесени се изрази за цели (*наслов 2. Цели на наставниот предмет*) од наставна програма за предмет (*извор* 2) кои најмногу се доближуваат до опис на вештини.

Ѓ) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за компетенции* внесени се изрази за цели (*наслов 2. Цели на наставниот предмет*) од наставна програма за предмет (*извор* 2) кои најмногу се доближуваат до опис на компетенции.

| | |
|---|---|
| **Име на квалификацијата**: Конфекциски техничар<br>**Код на квалификацијата**: непознат (NA)<br>**Означено-Навестено ниво во НРК:** Во стандардот на занимање е означено ниво IV. Оваа квалификација парцијално го покрива стандардот за занимање.<br>Се предлага условно ниво (на пример: 3 години за воспоставување на директна врска помеѓу резултатите од учењето и описите на нивоата во НРК)<br><br>**Оваа квалификација е базирана на резултати од учење:** Да/~~Не~~ | <u>**Документ користен за оваа споредба:**</u><br>**Тип:** Стандард на занимање, Информација за средното стручно образование во Република Македонија, наставни програми за Конфекциски техничар<br>**Датум:** Се чека одобрување на стандардот на занимање, наставен план одобрен со одлука број 07-6403/1 од 22. 08. 2007.<br>**Институција – Подготвил:** Центар за СОО |
| **Оценка на врската помеѓу описот на резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:**<br>Пристапот применет во оваа анализа е објаснет под табелата. Идентификуваните резултати од учењето користени во оваа анализа се резултатите од учењето во стандардот на занимањето, елаборирани во насловот *3 Опис на стандардот на занимањето*, кои се изразени преку знаења, вештини и типични работи.<br>Врската помеѓу резултатите на учењето и описите на нивоата во НРК е препознатлива и релативно директна за вештините. Знаењата се прилично под описите на нивоата, додека компетенциите се малку под барањата зацртани со описите на нивоата за компетенциите.<br>Впечаток е дека во оваа квалификација вештините ги наминуваат очекувањата зацртани со описите на нивото IV за вештините: има додатоци од решавање проблеми, извршување на комплексни и специфични задачи кои се одлики на описите на нивото V. | **Оценка на разликите помеѓу описот на резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:**<br><br>• Постои очигледен недостаток на описи на знаења. Некои знаења може само да бидат подразбрани како дел од описите на вештините. Предизвик е да се споредат некои знаења со описите на нивоата во НРК.<br>• Забележана е редундантност во описите на вештините, имено, неколку слични описи се повторуваат на неколку места. |

**Описите на ниво 4 во НРК наспроти идентификуваните резултати од учењето**

| Опис на ниво 4 во НРК<br>Знаење и разбирање | Описи на соодветните резултати од учењето: | Опис на ниво 4 во НРК<br><br>Вештини | Описи на соодветните резултати од учењето: | Опис на ниво 4 во НРК<br><br>Компетенции | Описи на соодветните резултати од учењето: |
|---|---|---|---|---|---|
| Познава концепти, принципи и процеси од предметите и областите за учење;<br><br>Поседува систематични теоретски и | • Ја познава техничко-технолошката документација, начинот на нејзина изработка и користење. | Поседува различни когнитивни, практични и креативни вештини, засновани на теоретски знаења и принципи, неопходни за | • Врши припрема и планирање на производствен процес;<br>• ја подготвува техничко-технолошката документација;<br>• соработува со работниот тим од одделението за техничка припрема и со работната група;<br>• ги применува правилата на планирање на работата во процесот на производство;<br>• ја контролира работата во група;<br>• поседува способност за тимска работа. | Самостојно ја планира, организира и ја води својата работа и врши надзор на заедничката работа;<br><br>Самостојно извршува | • Подготвува и планира производствен процес |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| професионални знаења во рамките на определено подрачје на трудот или учењето, кои вклучуваат анализирање и поврзување на фактите и теоретските принципи при извршување на работата, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | | учење, работа и решавање на проблеми во променливи услови во одредено подрачје на работа или учење;<br><br>Обучен е да прибира, анализира, селектира и да употребува релевантни информации од различни извори, алатки, методологии, техники и материјали во областа на учењето;<br><br>Обучен е да изведува сложени постапки и да употребува методи, инструменти, алати, постројки и материјали во работата; | • Ја организира работата на технолошкиот процес на производство на поединец и во група;<br>• ги применува правилата на организирање на работата во процесот на производство;<br>• обезбедува средства, помошни материјали и алати за работа;<br>• применува правила и норми во работната организација;<br>• го проверува функционирањето на машините за конфекционирање;<br>• ја применува организацијата на внатрешниот транспорт на предметите за работа;<br>• користи безбедносни и сигурносни мерки за заштита на работното место.<br><br>• Ја проследува техничко- технолошката документација (работен налог);<br>• обезбедува услови за сигурно и безбедно работење на поединец и група;<br>• обезбедува средства и предмети за работа во производствениот процес;<br>• ги применува техниките на мерење и контрола.<br><br>• Врши техничка подготовка, врз основа на добиениот работен налог;<br>• користи средства и материјали за работа;<br>• го планира и следи текот на работата, учинокот од работата и нормативот на потрошениот материјал.<br><br>• Изработува кројна слика;<br>• ја пресметува количината на потрошениот материјал за мостра;<br>• врши кроење на мострата; | сложени задачи и решава проблеми, прилагодувајќи го своето однесување, во согласност со дадените насоки, во променливи услови;<br><br>Одговорен е за сопствената работа, работата на групата, во насока на вреднување на резултатите од работата и унапредување на квалитетот, во согласност со однапред утврдени стандарди и критериуми. | • Ја организира реализацијата на производствениот процес во групата<br><br>• Ја подготвува работата за работното место на поединец и група<br><br>• Го организира и следи технолошкиот процес на производство по фази<br><br>• А – изработува мостри од конфекциски производи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Комуницира и соработува со групата во променливи услови. | • изведува операции на повеќенаменски машини за шиење;<br>• подготвува оперциски лист за мостра;<br>• изготвува документ за мостра.<br><br>• Ја организира работата на поединец и на група во одделение за кроење;<br>• анализира и подготвува текстилен материјал за кроење;<br>• чита кројна слика;<br>• прави редослед на кроење;<br>• крои текстилен материјал по работен налог;<br>• го следи и го контролира процесот на кроење.<br><br>• Чита операционен лист;<br>• врши контрола на влез на кројните делови;<br>• ја организира работата во производствените единици;<br>• ја подесува и ја следи работата на машината за шиење;<br>• управува со ЦНЦ машини, тестира и ја подесува нивната работа;<br>• користи мерна опрема и уреди;<br>• ракува со машините за шиење;<br>• ги идентификува грешките при шиење на текстилен материјал.<br><br>• Врши линиска, меѓуфазна и завршна контрола на сошиениот текстилен производ;<br>• ги применува техниките на мерење и контролирање на готов производ. | | • Б – крои текстилен материјал<br><br>• В – шие текстилен материјал<br><br>• Г – контролира текстилен производ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | • познава правила и прописи за складирање; | | • ги складира основните, помошните и потрошните материјали и води документација за тоа;<br>• складира готови текстилни производи;<br>• компјутерски води евиденција за складираните материјали и испорачаните производи;<br>• испорачува готови текстилни производи на купувачите. | | • Д – пакува и складира текстилен производ |
| | | | • Набавува суровини и репроматеријали;<br>• ги применува начините на транспорт и пропратната потребна документација. | | • Подготвува и реализира одредени понуди |
| | | | • Ја пополнува и испорачува работната документација до одделението за техничка подготовка;<br>• води евиденција за потрошен основен и помошен материјал;<br>• води евиденција за работното време;<br>• пополнува и проследува дневен извештај за производството. | | • Пополнува работна документација |
| | | | • Го контролира квалитетот на влезните материјали, репроматеријалите и машините за работа во текот на процесот, како и готовите текстилни производи;<br>• го контролира и го следи квалитетот на работата на поединецот и групата;<br>• ги применува нормативите и стандардите во индустријата на текстилното производство;<br>• го контролира одржувањето на машините и уредите и алатите за работа. | | • Контролира квалитет и учиноци, во согласност со стандардите и нормативите |
| | | | • Ги одржува машините, уредите и алатите за работа;<br>• ги применува основните правила за одржување и контрола на функционалноста на машините и уредите. | | • Одржува машини и уреди и подготвува алати за работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | • поседува работна култура; | | • Соработува со работниците во процесот на работата;<br>• комуницира со странките.<br><br>• Ја запознава групата со опасностите во текот на работењето и потребата од користење на соодветни заштитни средства;<br>• применува заштитни средства и ХТЗ опрема при работа;<br>• контролира сортирање, пакување и складирање на отпадниот материјал, придржувајќи се на соодветните стандарди и упатства;<br>• применува правила на заштита на работната и на животната средина;<br>• користи апарати и уреди за ПП заштита во конфекциското производство. | | • Комуницира со соработниците и странките<br><br>• Обезбедува заштитни мерки на работата и на животната средина |

**Извори:**

1. Центар за стручно образование и обука, 2010, *Стандард на занимање за конфекционер*.
2. Центар за стручно образование и обука, *Информација за средното стручно образование во Република Македонија*, http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=blogcategory&id=64&Itemid=186
3. Центар за стручно образование и обука, *Комплет стручни наставни програми*, http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=43&Itemid=1

**Пристап:**

а) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за знаење и разбирање* се внесени релевантни изрази од колоната *Знаења и вештини* од делот *3. Опис на стандардот на занимањето* од стандардот на занимањето.

Б) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за вештини* се внесени релевантни изрази од колоната *Знаења и вештини* од делот *3. Опис на стандардот на занимањето* од стандардот на занимањето.

В) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за компетенции* се внесени изразите од колоната *Типични работи* од делот *3. Опис на стандардот на занимањето* од стандардот на занимањето.

Г) Изразите од делот *4. Попис на работни задачи* од документот *Информација за средното стручно образование во Република Македонија (Извор2)* се анализирани и споредени со *Типични работи* стандардот на занимањето. Тие се слични со изразите во насловот *Типични работи* и се целосно опфатени од нив.

**Забелешка 1**: Изразите во *Типични работи* од делот *3. Опис на стандардот на занимањето* и *Компетенции на занимањето* во насловот 2 се многу слични, или, некои од нив се идентични. И покрај тоа, користени се изразите од *Типични работи* заради организираната структура на знаења и вештини за соодветната компенција.
**Забелешка 2**: Изразите од делот *4. Попис на работни задачи* од документот *Информација за средното стручно образование во Република Македонија (Извор 2)* се слични со изразите во насловот *Типични работи* и се целосно опфатени од нив. Затоа, за да се превенира редундантност, овие изрази не се внесени во табелата.

<table>
<tr>
<td colspan="4">Име на квалификацијата: Келнер<br>Код на квалификацијата: непознат (NA)<br>Означено-Наведено ниво во НРК: III<br><br>Оваа квалификација е базирана на резултати од учење: Да/~~Не~~</td>
<td colspan="2"><u>Документ користен за оваа споредба:</u><br>Тип: Стандард на занимање<br>Датум: Се чека одобрување на стандардот на занимање<br><br>Институција – Подготвил: Центар за стручно образование и обука</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="4">Оценка на врската помеѓу описот на резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:<br><br>Пристапот применет во оваа анализа е објаснет под табелата. Идентификуваните резултати од учењето користени во оваа анализа се резултатите од учењето во стандардот на занимањето, елаборирани во насловот 4 Опис на стандардот на занимањето кои се изразени преку знаења, вештини и типични (клучни) работи.<br>Врската со описите на нивоата во НРК е релативно директна.<br>Впечаток е дека во оваа квалификација вештините ги надминуваат очекувањата поставени со описите на нивото III за вештини: работната средина и околностите не се едноставни; методите не се едноставни; сите ситуации не се предвидливи; комуникацијата е на повисоко ниво. Во доменот на компетенциите постои израз „извесно ниво на самостојност и одговорност“ кое во оваа квалификација во мала мера ги надминува описите на нивото.</td>
<td colspan="2">Оценка на разликите помеѓу описот на резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:<br><br>Не постои</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="6">Описите на ниво 3 во НРК наспроти идентификуваните резултати од учењето</td>
</tr>
<tr>
<td>Опис на ниво 3 во НРК Знаење и разбирање</td>
<td>Описи на соодветните резултати од учењето:</td>
<td>Опис на ниво 3 во НРК<br><br>Вештини</td>
<td>Описи на соодветните резултати од учењето:</td>
<td>Опис на ниво 3 во НРК<br><br>Компетенции</td>
<td>Описи на соодветните резултати од учењето:</td>
</tr>
<tr>
<td>Поседува теоретски и систематски усвоени стручни знаења, факти, принципи, процеси и</td>
<td>• Го познава составот на јадењата од листата на јадења и менито;<br>• ги следи новитетите во однос на исхраната;<br>• го чита налогот за работниот ден.</td>
<td>Поседува практични и креативни вештини кои овозможуваат решавање на познати (предвидливи) и помалку познати (непредвидливи) ситуации;</td>
<td>• Ја анализира дневната понуда: листа на јадења, карта на пијалаци, мени, винска карта, барска карта, карта за појадок;<br>• ги применува стандардите за правилна исхрана.</td>
<td>Планира, подготвува, организира и ја вреднува својата работа, врз основа на однапред дадени инструкции, во рамките на</td>
<td>• Ги организира работните активности</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| општи концепти за одделно подрачје на трудот или учењето, а во исто време овозможува натамошно учење. | • Го разликува инвентарот за послужување и сервирање на гости;<br>• ги знае употребата и намената на масата за сервирање за различни пригоди во салата за послужување;<br>• ја знае употребата на помошната масичка или сервирната количка согласно со начинот на сервирање;<br>• знае да го избере соодветниот инвентар, согласно со изборот на јадењето и пијалаците. | Извршува работи и задачи кои се со средна сложеност, помалку стандардизирани и релативно прегледни;<br><br>Користи различни уреди, алатки, опрема и материјали во процесот на производството и во услугите;<br><br>Комуницира и соработува со групата. | • Го применува кодексот на облекување – униформа (за редовна работа и свечени приеми);<br>• ги проверува картите за избор на угостителските услуги;<br>• го полира – одржува потребниот инвентар за сервирање;<br>• ги порамнува ресторанските маси;<br>• поставува ситен инвентар;<br>• ги сервира ресторанските маси со прибор за јадење;<br>• ја подготвува келнерската работна маса;<br>• ги подготвува банкетските маси за свечени приеми,<br>• ги подготвува сервирните колички за: транжирање, филирање, фламбирање, филетирање. | делокругот на својата работа;<br><br>Извршува работи, кои не се секогаш однапред дефинирани, со одреден степен на самостојност и одговорност. | • Го подготвува местото за работна изведба |
| | • Ја познава работата со резервации. | | • Ги пречекува гостите;<br>• ги поздравува гостите;<br>• ги сместува гостите и избира маса според желба на гостите;<br>• владее со основите на бонтонот и ги применува;<br>• правилно знае да ја понуди, претстави и да ја опише поединечната понуда. | | • Прима гости |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | • Знае да комуницира со гостите на два странски јазика;<br>• знае пишани и непишани правила на деловната комуникација. | | • Воспоставува контакт и комуникација со гостинот;<br>• комуницира со гостинот на два странски јазика;<br>• користи пишани и непишани правила на деловно комуницирање;<br>• ја користи стручната терминологија;<br>• тимски работи;<br>• знае да најде соодветен начин на комуникација за решавање на проблемите при организацијата на работата и извршувањето на одделните задачи;<br>• мирно реагира во случај на рекламации и во конфликтни ситуации наоѓа соодветно решение. | | • Комуницира со гостите и со соработниците |
| | • Има знаења од психологијата на гостите;<br>• ги познава цените во угостителскиот објект;<br>• поседува знаење за јадењата и пијалаците што им ги препорачува на гостите;<br>• ги знае правилата при препорачување на пијалаците со одделни видови храна;<br>• ги знае техниките за прием на нарачката и нејзино проследување до соодветното одделение;<br>• знае да ракува со основната програмска опрема што се употребува при проследување на нарачката. | | • Поднесува карти за избор на угостителските услуги;<br>• разговора со гостинот во однос на изборот на јадењето и пијалаците (давање сугестии);<br>• нуди и ги поврзува вината и другите пијалаци со јадењата. | | • Прима порачки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | • Ја познава важноста на инвентарот и негова намена за определени видови пијалаци;<br>• ја познава техниката за презентирање, отворање и точење одделни видови вино;<br>• ги познава алкохолните и безалкохолните пијалаци;<br>• ги познава нормативите за одделни видови пијалаци и нивните додатоци. | | • Презентира, отвора и точи пијалаци;<br>• меша пијалаци и ги послужува во соодветни чаши со декорација,<br>• избира соодветен инвентар за различни видови пијалаци;<br>• ја почитува важноста на температурата на послужените пијалаци;<br>• ја познава техниката на мешање на основните барски пијалаци, изборот на соодветна чаша и нивно правилно послужување на барскиот пулт или на гостинската маса. | | • Приготвува и послужува отворени, флаширани и мешани пијалаци |
| | • Ги почитува правилата за редослед на послужувањето на јадењата и пијалаците;<br>• познава и разликува јадења што треба да ги преземе од кујната. | | • Презема порачани јадења и пијалаци,<br>• ги послужува гостите според утврдените угостителски стандарди на послужување;<br>• ги послужува гостите според бонтон правилата;<br>• применува банкетско послужување;<br>• послужува редовни и вонредни оброци надвор од матичната куќа;<br>• применува различни начини на послужување;<br>• десервира. | | • Ги послужува гостите |
| | • Ги познава машините, уредите и нивното правилно користење, се придржува кон упатствата за нивното правилно користење;<br>• познава и применува техники за приготвување различни топли напивки и | | • Послужува отворени и флаширани пијалаци;<br>• приготвува и послужува топли | | • Работи во точилница |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нивно послужување,<br>• ги познава постапките за правилно чување и складирање на пијалаците. | | напивки;<br>• требува и презема материјали од магацин;<br>• води соодветна документација врз основа на која требува материјали од централниот магацин или добавувачот. | | |
| | • Ги познава цените, нормативите на јадењата и пијалаците што ги послужува;<br>• ја познава основната примена на компјутерската техника. | | • Составува сметка за извршената услуга;<br>• ја принесува сметката до гостинот,<br>• ја наплатува сметката на различни начини (готовинско или безготовинско);<br>• изработува пресметка за дневниот пазар и потрошените материјали;<br>• учествува во пресметките за извршените угостителски услуги. | | • Врши пресметка на услугите |
| | • Знае да избере правилен пристап и начин на збогување. | | • Го испраќа и го отпоздравува гостинот со примена на бонтон правилата;<br>• знае да користи правилен пристап и начин на збогување. | | • Ги испраќа гостите |
| | | | • Го подига употребениот инвентар;<br>• го предава инвентарот во соодветните одделенија;<br>• го класифицира инвентарот;<br>• го враќа инвентарот на своето место. | | • Изведба на завршните работи во салата за послужување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Финансиски и материјално се раздолжува;<br>• го предава дневниот пазар;<br>• подготвува извештај за примен и издаден инвентар (приемница);<br>• подготвува извештај за состојбата на инвентарот и опремата (попис);<br>• го составува записникот за направената штета, и ги евидентира најдените предмети. | | • Финансиски и материјално се задолжува и ја пополнува документацијата |
| | | | • Води грижа за опремата и за инвентарот;<br>• ги применува нормативите за храна и пијалак;<br>• го контролира квалитетот на својата работа;<br>• економично ги користи материјалите, времето и енергијата. | | • Работи во согласност со нормативите и гарантира за квалитетот на сопствената работа |
| | • Ги познава HACCP стандардите;<br>• ги познава хигиенско – техничките заштитни мерки и средствата за работа;<br>• ги познава прописите за заштита при работа. | | • Ги применува хигиенско-техничките заштитни мерки и средства за работа;<br>• ги почитува и ги спроведува HACCP стандардите;<br>• ги одржува личната хигиена и хигиената во просториите каде што работи,<br>• го почитува законот за точење алкохолни пијалаци;<br>• води грижа за здравјето на гостите. | | • Ја заштитува работната средина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | • Го разликува правилното од неправилното складирање отпадок. | | • Го складира отпадокот хартија, стакло, отпадокот од храна, употребеното масло и др. | | • Ги сортира и ги складира отпадоците |

**Извори:**

1. Центар за стручно образование и обука, 2012, *Стандард на занимање за келнер*, подготвен во рамките на твининг проектот „Поддршка на модернизацијата на системот за образование и обука“, MK 07 IB SO 03.
2. Центар за стручно образование и обука, 2012, *Стандард на квалификација за келнер*, подготвен во рамките на твининг проектот „Поддршка на модернизацијата на системот за образование и обука“, MK 07 IB SO 03.
3. Центар за стручно образование и обука, *Образовна програма за келнер*, донесена од министерот за образование и наука со решение број 11-4749/1 од 10. 09. 2013.

**Пристап:**

а) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за знаење и разбирање* се внесени релевантни изрази од колоната *Знаења и вештини* од делот *4. Опис на стандардот на занимањето* од стандардот на занимањето.
Б) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за вештини* се внесени релевантни изрази од колоната *Знаења и вештини* од делот *4. Опис на стандардот на занимањето* од стандардот на занимањето.
В) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за компетенции* се внесени изразите од колоната *Типични (клучни) работи* од делот *4. Опис на стандардот на занимањето* од стандардот на занимањето.

**Забелешка 1**: Изразите во *Типични (клучни) работи* од делот *4. Опис на стандардот на занимањето* и *Компетенции на занимањето* во насловот 3 се многу слични, или, некои од нив се идентични. И покрај тоа, користени се изразите од *Типични (клучни) работи* заради организираната структура на знаења и вештини за соодветната компенција.
**Забелешка 2**: Изразите од насловот *3. Стручни компетенции* во стандардот за занимањето и насловот *2.1 Стручни компетенции* од стандардот на квалификација се идентични. Имајќи ги во вид околностите: во стандардот на квалификација не постојат описи на знаења и вештини и заклучокот од забелешка 1, за оваа анализа е користен стандардот за занимање.

| **Име на квалификацијата**: Автомеханичар<br>**Код на квалификацијата**: непознат (NA)<br>**Означено-Навестено ниво во НРК:** III<br><br>**Оваа квалификација е базирана на резултати од учење:** Да/~~Не~~ | <u>**Документ користен за оваа споредба:**</u><br>**Тип:** Стандард на занимање<br>**Датум:** Се чека одобрување на стандардот на занимање<br><br>**Институција – Подготвил:** Центар за стручно образование и обука |
|---|---|
| **Оценка на врската помеѓу описот на резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:**<br><br>Пристапот применет во оваа анализа е објаснет под табелата.<br>Идентификуваните резултати од учењето користени во оваа анализа се резултатите од учењето во стандардот на занимањето, елаборирани во насловот *4 Опис на стандардот на занимањето* кои се изразени преку знаења, вештини и типични (клучни) работи.<br>Врската со описите на нивоата во НРК е препознатлива и релативно директна, освен за знаењата.<br>Впечаток е дека во оваа квалификација вештините ги надминуваат очекувањата поставени со описите на нивото III за вештини: има додатоци од евалуација и решавање проблеми што се карактеристики на описи на ниво IV. Листата на компетенции одговара на описите на нивото. | **Оценка на разликите помеѓу описот на резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:**<br>• Постои очигледен недостаток на описи на знаења. Некои знаења може само да бидат подразбрани како дел од описите на вештините. Предизвик е да се споредат некои знаења со описите на нивоата во НРК.<br>• Забележана е повторливоството описите на знаењата, имено, неколку слични описи се повторуваат на неколку места.<br>• Некои изрази за знаења и за вештини се изјави () кои не можат да бидат користени за анализата (на пример: Поседува работна култура).<br>• Некои од клучните зборови за комптенции не се објаснето (на пример одговорност). |

**Описите на ниво 3 во НРК наспроти идентификуваните резултати од учењето**

| Опис на ниво 3 во НРК Знаење и разбирање | Описи на соодветните резултати од учењето: | Опис на ниво 3 во НРК Вештини | Описи на соодветните резултати од учењето: | Опис на ниво 3 во НРК Компетенции | Описи на соодветните резултати од учењето: |
|---|---|---|---|---|---|
| Поседува теоретски и систематски усвоени стручни знаења, факти, принципи, процеси и општи концепти за | • Собира релевантни информации;<br>• ја познава организација на работата во претпријатието;<br>• ја чита техничката документација.<br><br>• Ја чита техничката документација. | Поседува практични и креативни вештини кои овозможуваат решавање на познати (предвидливи) и помалку познати (непредвидливи) ситуации; | • Ја планира и ја подготвува сопствена работа;<br>• ја организира сопствена работа за соработка во тим;<br>• го анализира, организира и реализира планот за работа;<br>• ја применува законска регулатива при вршење на својата работа.<br><br>• Го подготвува работниот простор;<br>• ги контролира функционалност и исправност на | Планира, подготвува, организира и ја вреднува својата работа, врз основа на однапред дадени инструкции, во рамките на делокругот на | • Ја планира и ја организира работата, самостојно и во тим<br><br>• Го подготвува работното место, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| одделно подрачје на трудот или учењето, а во исто време овозможува натамошно учење. | • Го презема возилото со работен налог.<br><br>• Го презема возилото со работен налог. | Извршува на работи и задачи кои се со средна сложеност, помалку стандардизирани и релативно прегледни; Користи различни уреди, алатки, опрема и материјали во процесот на производството и во услугите; Комуницира и соработува со групата. | алатот, машините и мерните инструменти;<br>• непосредно ја организира работата;<br>• ги применува техниките на мерење и контрола.<br><br>• Ги извршува редовните сервиси пропишани од производителот;<br>• ги извршува сервисните работи во тек на експлоатацијата на возилото;<br>• ги извршува лесните поправки на возилото во текот на експлоатацијата;<br>• ја води документација за сервисирање на возилото;<br>• ресетира индикација за сервисен интервал.<br><br>• Ги прегледува и ги утврдува неисправностите на погонските склопови;<br>• го подготвува возило за поправка или ремонт;<br>• ја подесува работа на мотор и на дополнителните уреди;<br>• ги вади, ги расклопува и ги чисти деловите на склопови и механизми;<br>• го проценува степенот на оштетување на деловите и склоповите;<br>• ги поправа неисправностите на погонските склопови;<br>• ги менува сегментите од погонските склопови;<br>• ги монтира погонските склопови и ги вградува на возилото. | својата работа;<br><br>Извршува работи, кои не се секогаш однапред дефинирани, со одреден степен на самостојност и одговорност. | алатот, машините и мерните инструменти<br><br>• Ги одржува и ги сервисира патничките возила според препораките на производителот<br><br>• Ги поправа и ги менува деловите, склоповите и уредите на моторот и преносниот механизам |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | • Го презема возилото со работен налог. | | • Ги прегледува и ги утврдува неисправностите на деловите и склоповите од подвозјето;<br>• ги вади, ги расклопува и ги чисти деловите на склопови и механизми;<br>• го проценува степенот на оштетување на деловите и склоповите;<br>• ги поправа неисправностите на системот за сопирање, управување и потпирање;<br>• ги менува сегментите од системот за сопирање, управување и потпирање;<br>• го подесува нагибот, трагот и затурот на тркалата;<br>• ги монтира склопови од подвозјето и ги вградува на возилото. | | • Ги поправа и ги менува деловите, склоповите и уредите на подвозјето |
| | | | • Ја контролира функционалност на монтираните и поправените склопови;<br>• го подесува режимот на работа на склоповите после монтажата;<br>• врши пробно возење;<br>• ги евидентира можните неисправности;<br>• го враќа возило во редовен процес на поправка доколку се евидентирани неисправности. | | • Ја контролира и ја испитува работа на моторотот и на останатите делови и уреди |
| | • Го презема возилото со работен налог. | | • Го прегледува и ги утврдува неисправностите на уредот за климатизација;<br>• ја користи опремата за полнење на уредот за климатизација;<br>• ја користи опремата за чистење и дезинфекција на инсталацијата за климатизација во возилото;<br>• го менува филтерот на уредот за климатизација;<br>• ги менува сегментите од уредот за климатизација. | | • Го одржува уредот за климатизација во моторното возило |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Ги нарачува резервните делови и потрошни материјали;<br>• ги складира резервните делови и опрема. | | • Ги обезбедува резервните делови и потрошни материјали во зависност од процесот на работа |
| | | | • Обезбедува квалитетни услуги;<br>• ги применува стандардите за квалитет;<br>• ги применува процедурите и методите за обезбедување рационална употреба на енергија, време и материјал. | | • Обезбедува квалитетни услуги и извршени работи |
| | • Чита техничка документација, правилници и упатства. | | • Ги применува нормите препорачани од стручната литература. | | • Користи стручна литература и упатства за квалитетно извршување на работата |
| | | | • Редовно ги прегледува и ги одржува опремата, машината, уредите и средствата што ги користи во работата;<br>• ги применува процедурите за редовни инспекции и одржување на опремата, машините и алатот. | | • Проверува, приспособува и одржува опрема, машини, уреди и средства што се користат во работата |
| | • Поседува работна култура. | | • Соработува со соработниците во процесот на работата;<br>• комуницира со клиентите. | | • Комуницира со соработниците и клиентите, со почитување на деловните принципи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Ги применува заштитните средства и опрема, во согласност со законската регулатива;<br>• ги применува правилата за безбедност при работа;<br>• ги применува прописите за заштита од пожар.<br><br>• Го собира, сортира и отстранува отпад, во согласност со прописите за заштита на животната средина;<br>• ги применува прописите за заштита на животната средина и усогласување со нив;<br>• ги применува процедурите за ракување, складирање и отстранување на загадувачите на животната средина;<br>• презема мерки за заштита од влијанието на опасните гасови, отрови, пари, високозапаливи супстанции;<br>• применува мерки при хемиско пролевање или протекување на агресивни и запаливи супстанции. | | • Применува мерки за лична заштита<br><br>• Ги применува мерките за заштита на околината. |

**Извори:**

1. Центар за стручно образование и обука, 2012, *Стандард на занимање за автомеханичар*, подготвен во рамките на твининг проектот „Поддршка на модернизацијата на системот за образование и обука“, MK 07 IB SO 03.
2. Центар за стручно образование и обука, 2012, *Стандард на квалификација за автомеханичар*, подготвен во рамките на твининг проектот „Поддршка на модернизацијата на системот за образование и обука“, MK 07 IB SO 03.
3. Центар за стручно образование и обука, *Образовна програма за автомеханичар*, донесена од министерот за образование и наука со решение број 11-4749/1 од 10. 09. 2013.

**Пристап:**

а) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за знаење и разбирање* се внесени релевантни изрази од колоната *Знаења и вештини* од делот *4. Опис на стандардот на занимањето* од стандардот на занимањето.
Б) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за вештини* се внесени релевантни изрази од колоната *Знаења и вештини* од делот *4. Опис на стандардот на занимањето* од стандардот на занимањето.
В) Во колоната *Описи на соодветните резултати од учењето за компетенции* се внесени изразите од колоната *Типични (клучни) работи* од делот *4. Опис на стандардот на занимањето* од стандардот на занимањето.

**Забелешка 1**: Изразите во *Типични (клучни) работи* од делот *4. Опис на стандардот на занимањето* и *Компетенции на занимањето* во насловот 3 се многу слични, или, некои од нив се идентични. И покрај тоа, користени се изразите од *Типични (клучни) работи* заради организираната структура на знаења и вештини за соодветната компенција.
**Забелешка 2**: Изразите од насловот *3. Стручни компетенции* во стандардот за занимањето и насловот *2.1 Стручни компетенции* од стандардот на квалификација се идентични. Имајќи ги во вид околностите: во стандардот на стручна квалификација не постојат описи на знаења и вештини и заклучокот од забелешка 1, за оваа анализа е користен стандардот за занимање.

<table>
<tr>
<td>Име на квалификацијата: Готвач<br>Код на квалификацијата: непознат (NA)<br>Означено-Навестено ниво во НРК: III во стандардот на занимање<br>• Верифицираните програми за образование на возрасни од извор 2 и извор 3 водат кон стручна квалификација на ниво III во согласност со член 11 од Законот за НРК (ставови 3, 4 и 5).<br>Оваа квалификација е базирана на резултати од учење: Да/~~Не~~</td>
<td><u>Документ користен за оваа споредба:</u><br>Тип: Стандард на занимање + верифицирани програми за образование на возрасни<br>Датум: Се чека одобрување на стандардот на занимање + датуми на верифицирање на изворите<br>Институција – Подготвил: Центар за стручно образование и обука + установи/институции за образование на возрасни</td>
</tr>
<tr>
<td>Оценка на врската помеѓу описот на  резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:<br>Пристапот применет во оваа анализа е објаснет под табелата. Идентификуваните резултати од учењето користени во оваа анализа се резултатите од учењето во стандардот на занимањето, елаборирани во насловот 4 Опис на стандардот на занимањето кои се изразени преку знаења, вештини и типични (клучни) работи.<br>Врската со описите на нивоата во НРК е релативно директна.<br>• Впечаток е дека стандардот на занимање ги надминува описите на III ниво во доменот на вештините.<br>• Постојат некои мали поклопувања на овој стандард на занимање и стандардот на занимање за Слаткар.<br>• И двете програми за образование на возрасни парцијално (делимично) го покриваат стандардот за занимање.<br>• Непознато е дали постои потенцијален структуиран пристап во изборот (селектирањето) на знаењата, вештините и компетенциите од стандардот за занимање.<br>• И двете програми за образование на возрасни не се компатибилни една со друга и затоа тешко се споредуваат.</td>
<td>Оценка на разликите помеѓу описот на  резултатите на учењето за оваа квалификација и описите на нивоата во НРК:<br>• И двете програми за образование на возрасни не ги покриваат барањата на описите на III ниво во сите домени: знаења (систематски знаења, процеси и концепти), вештини (комуникациски вештини, еколошки аспекти, управување со отпад, повеќе работи кои се дел од занимањето) и компетенции (самостојност, одговорност).  Не се познати причините за ова.<br>• И покрај тоа што сите знаења, вештини и компетенции не се опфатени, овие две програми за образование на возрасни се повисоки од II ниво, но истовремено не се целосно на III ниво.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td></td>
</tr>
</table>

| Описите на ниво 3 во НРК наспроти идентификуваните резултати од учењето | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис на ниво 3 во НРК Знаење и разбирање | Описи на соодветните резултати од учењето: | Опис на ниво 3 во НРК<br><br>Вештини | Описи на соодветните резултати од учењето: | Опис на ниво 3 во НРК<br><br>Компетенции | Описи на соодветните резултати од учењето: |
| Поседува теоретски и систематски усвоени стручни знаења, факти, принципи, процеси и општи концепти за одделно подрачје на трудот или учењето, а во исто време овозможува натамошно учење. | • Го познава системот на работа во угостителски објект; *(Извори 2, 3)*<br>• го познава составот на јадењата од менијата и листата на јадења; *(Извори 2, 3)*<br>• ги познава продуктите кои се користат за подготовка на јадењата;<br>• го познава редоследот на јадењата во листа на јадења според групи;<br>• ги познава правилата за составување листа на јадења и мени. *(Извор 2)*<br><br>• Ги познава видовите и карактеристиките на прехранбените продукти.<br><br>• Ги познава стандардите за подготовка на храна; *(Извор 2)*<br>• ги познава критериумите за квалитетот и квантитетот/составот на храната;<br>• го познава составот на менијата за редовните оброци;<br>• ги познава карактеристиките на подготовката на вонредните оброци; *(Извори 2, 3)*<br>• го познава составот на менијата за | Поседува практични и креативни вештини кои овозможуваат решавање на познати (предвидливи) и помалку познати (непредвидливи) ситуации;<br><br>Извршува на работи и задачи кои се со средна сложеност, помалку стандардизирани и релативно прегледни;<br><br>Користи различни уреди, алатки, опрема и материјали во процесот на производството и во услугите; Комуницира и соработува со групата. | • Ги координира свои активностите со активностите на соработниците;<br>• ги следи новитетите и трендовите во готварството;<br>• ги подготвува менито и листата на јадења во соработка со шефот на кујна.<br><br>• Го применува кодексот на облекување; *(Извор 2)*<br>• ја проверува исправноста на инвентарот и опремата во кујната; *(Извор 2)*<br>• ги прегледува и се запознава со работните задачи;<br>• ги прегледува и се запознава со менијата и листата на јадења;<br>• ги вклучува уредите. *(Извор 2)*<br><br>• Ги составува листата на јадења и менијата за редовните и вонредните оброци; *(Извори 2, 3)*<br>• ја пресметува хранлива вредност на продуктите, јадењата и оброците со | Планира, подготвува, организира и ја вреднува својата работа, врз основа на однапред дадени инструкции, во рамките на делокругот на својата работа;<br><br>Извршува работи, кои не се секогаш однапред дефинирани, со одреден степен на самостојност и одговорност. | • Ги организира работните активности *(Извор 2)*<br><br>• Го подготвува местото за работна изведба *(Извор 2)*<br><br>• Ја составува листата на јадења и менијата за редовни и вонредни оброци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | избор на вонредните менија; *(Извори 2, 3)*<br>• знае да ги комбинира прехранбените продукти во листата на јадења или менијата;<br>• ја сфаќа важноста на хранливите материи за луѓето и ефектите од лошата исхрана ;<br>• објаснува што се случува со храната во гастроинтестиналниот тракт, како и на метаболизмот;<br>• ја познава хранливата вредност на одделните прехранбени продукти и начинот на употреба. *(Извори 2, 3)* | | користење компјутерска техника;<br>• ги подготвува нормативите; *(Извори 2, 3)*<br>• го подготвува барањето за прехранбени продукти; *(Извори 2, 3)*<br>• ги класифицира класичните јадења во листата на јадења;<br>• знае да ги комбинира прехранбените продукти во листата на јадења или менијата;<br>• ја почитува сезоната на прехранбените продукти;<br>• ги почитува препораките за правилна исхрана. | | |
